МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

„ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНО-ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И СЕКСУАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВРЗ РЕЛИГИОЗНОСТА ВО ПЕРИОДОТ НА ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА“

СТУДЕНТ:ВЕЛИЧЕ РИСТОВА

БР. НА ИНДЕКС:М203016

МЕНТОР: ДОЦ. Д-Р ВАНГЕЛИЦА ГАВРИЛОВА

Свети Николе, 2023

ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНО-ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И СЕКСУАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВРЗ РЕЛИГИОЗНОСТА ВО ПЕРИОДОТ НА ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА

Апстракт

Ова истражување има за цел да ја испита поврзаноста меѓу социјално-емоционалната интелигенција, сексуалната интелигенција и религиозноста кај адолесценти (N=28, од кои 15 женски и 13 машки) од 18 и 19 години во Струмица. Истражувањето беше спроведено преку електронско задавање на инструментите, а примерокот беше пригоден. Применети беа инструментите: *Тест за емоционалната интелигенција* изработен од Радмила Ѓокич, *Тест за сексуалната интелигенција* на Д-р Јован Мариќ и *Скала за мерење на центрирана религиозност (CRS)* формирана од авторите Хубер и Одило.

Резултатите за хипотезата на ова истражување се добиени од тестирање на три суб-хипотези. Со тестирање на првата суб-хипотеза, резултатите покажаа дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу социјално-емоционалната интелигенција и религиозноста. Со тоа, суб-хипотезата 1.1 се отфла. Резултатите од тестирањето на суб-хипотезата 1.2 покажаа дека не постои статистички значајна поврзаност меѓу сексуалната интелигенција и религиозноста кај овој примерок на испитаници. А со тоа се отфрли и втората суб-хипотеза. Суб-хипотеза 1.3 ја испитуваше поврзаноста на социјално-емоционалната интелигенција и сексуалната интелигенција кај лицата од машки и женски пол, која исто така беше отфрлена. Поради тоа, хипотезата на ова истражување, според која "адолесцентите со висока социо-емоционална и сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социо-емоционална и сексуална интелигенција", се отфрла.

Клучни зборови: социјална интелигенција, емоционална интелигенција, социјално-емоционална интелигенција, сексуална интелигенција, религиозност, период на доцна адолесценција.

Key words: social intelligence, emotional intelligence, social-emotional intelligence, sexual intelligence, religiosity, period of late adolescence.

СОДРЖИНА

Апстракт ----------2

Вовед ----------3

I Теоретска основа на истражувањето ----------5

- Социјална интелигенција ----------9
- Емоционална интелигенција ----------13
- Социјално-емоционална интелигенција ----------23
- Сексуална интелигенција ----------31
- Религиозност----------41

II Методологија на истражувањето ----------58

- Проблем на истражувањето ----------58
- Цели на истражувањето----------59
- Задачи на истражувањето ----------60
- Истражувачка хипотеза----------60
- Варијабли ----------61
- Релевантни емпириски истражувања ----------62
- Техника на истражување ----------66
- Мерни инструменти----------66
- Популација и примерок----------69
- Статистичка обработка на податоците ----------72
- Резултати од дескриптивната статистика ----------72
- Наоди од тестираните хипотези----------76

III Анализа и интерпретација на податоците----------82

IV Заклучни согледувања----------85

- Ограничувања на истражувањето и сугестии за идни истражувања ----------88

Користена литература----------90

Прилози ----------95

- Прилог 1----------95
- Прилог 2----------98
- Прилог 3----------100

ВОВЕД

Адолесценцијата е животен период во кој лицето расте и созрева. Во адолесценцијата за прв пат се поставуваат прашања за смисолот на животот, емоциите, за сопствениот статус во тој свет, а првенствено во микросредината. Адолесцентот не е дете, ниту на физиолошки, ниту на когнитивен план. Особено при крајот на адолесценцијата, тој добива поголема слобода, но и поголеми обврски. Иднината му е основната преокупација, а хетеросексуалните врски се пораспространети.

Младите многу интензивно се посветуваат на својот социјален живот и комуникација, која е под големо пубертетско (хормонално) влијание. Тоа го отежнува нормалното функционирање и доведува до многу непромислени одлуки. Во адолесценцијата се менуваат и способноста за решавање проблеми, за заземање туѓо гледиште, како и за разбирање на себеси. Уште една карактеристика во периодот на адолесценција е брзината со која се случуваат промените, како што Рубин и Киркендал пишуваат дека: "Почнувајќи од 12 или 13 години, поединецот мора да напредува од зависно дете да стане самостојно, возрасно лице. Можеби во ниту еден друг период од животот не се случува транзиција од таква важност"[1]. Исто така, во тинејџерските години, расудувањето и прифаќањето на врсниците имаат приоритет пред себе и родителите.

Формирањето идентитет е една од најважните развојни задачи во адолесценцијата[2]. Родителското воспитување, а подоцна и врсниците, до одреден степен се одговорни за зацврстување на идентитетот на адолесцентот -вклучувајќи го и сексуалниот идентитет. За да изгради идентитет на возрасен, адолесцентот мора да учи од ниговите грешки и успеси. Во овој период нагло се зголемува хормоналната активност, што резултира со зрелост на репродуктивните органи. Се доживуваат и првите сексуални искуства кај младите личности, кои најчесто се неуспешни и претставуваат некој вид на внимателно експериментирање. Меѓутоа, нивното значење за понатамошниот сексуален развој и созревање е големо. Младиот човек најчесто лесно ги надминува првите предизвици кои доаѓаат со започнувањето на сексуалните активности. Доколку тие пречки не се надминат,

---

[1] Rubin I. & Kirkendall L. (1968). Sex in the Adolescent Yearsby. *Journal of Marriage and Family*, vol.30 iss.4: 35

[2] Broderick PC, Blewitt P. (2006). The emerging self and socialization in the early years. *The life span: Human development for helping professionals*.

сексуалното созравање се успорува, а сексуалниот идентитет не се остварува, додека низа психопатолошки активности заземаат место во животот на младата личност.

Употребата на формалната логика, карактеристична за овој период, го доведува адолесцентот до нелогични и егоцентрични заклучоци. Всушност, при секое влегување во нов стадиум на когнитивен развиток, се јавуваат посебни облици на егоцентрично размислување. Подоцна, во доцната адолесценција, младите се способни да ја користат дедуктивната логика и да мислат апстрактно. Тоа им овозможува да ги анализираат филозофските и политичките доктрини, да даваат свои теории и планови за општествените промени.

Религиозноста е нешто поапстрактно, таа е причина зошто луѓето сеуште се чувствуваат како едно со заедницата, без разлика на сите различности кој ги делат. Луѓето кои имаат пораснато во религиска околина имаат позитивен поглед кон светот, се чувствуваат посигурни. Домовите во кои се практикува религија нудат повеќе хармонија, стабилност и интимност, напроти домовите во кои не се практикува религијата. Религиозните адолесценти поседуваат повеќе емпатија, верност и толеранција. Тие, за разлика од нерелигиозните адолесценти, повеќе ги почитуваат родителите и се држат до обрасците на однесување кои ги научиле од својата фамилија. Но, со зголемување на информираноста и коефициентото на интелигенција, се очекува нивната религиозност да се намалува.

Во овој труд е опишано спроведеното истражување, кое започна со дефинирање на темата и варијаблите кои ќе се истражуваат. Следно е пронаоѓањето на соодветни инструменти преку кои може да се добијат потребните информации за планираното тестирање на варијаблите. Следуваше задавањето на инструментите, кое се одвиваше електронски, при што прашалниците беа поставени на сајтот www.docs.google.com. Откако се добија потребните резултати, тие беа внесени во програмата SPSS Statistics, верзија 29. Потоа, се започна со дескриптивна анализа на податоците, за секоја варијабла посебно. Следуваше тестирање на хипотезата и нејзините суб-хипотези, за на крај да се интерпетираат добиените резултатите и да се дојде до заклучното излагање.

ТЕОРЕТСКА ОСНОВА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Постојат големи развојни промени и предизвици кои се поврзани со адолесцентниот период, бидејќи младите ги стекнуваат и консолидираат ставовите, вредностите и компетенциите кои им се неопходни за успешна транзиција до периодот на зрелоста. Растот на мозокот резултира со успешен когнитивен развој, кој овозможува процесите да напредуваат кон поапстрактно размислување. Младите адолесценти се подложени на физички и емоционални промени кои влијаат на нивниот коефициент на интелигенција, а воедно и на нивната креативност. На *Study.com*[3] според лекцијата за *Creativity and intelligence in adolescence* пишува дека

> Резултатите за коефициент на интелигенција на возраст од 6-10 години се многу слични со оценките за коефициент на интелигенција кај возрасни. Но, нешто се случува помеѓу 10-18 години што може да предизвика овие резултати да варираат во адолесценцијата. Оваа флуктуација прави вистинскиот IQ тешко да се одреди во овој период на развој. Иако социјалното однесување може да игра важна улога за флуктуацијата на скоровите, биологијата дефинитивно е вклучена. Неодамнешниот напредок во снимањето и истражувањето на мозокот покажало дека тинејџерскиот мозок е различен од мозокот во другите периоди од нашиот живот.[4]

Според Ероксон, основна задача на еден адолесцент е формирање на идентитет. Предуслови што водат кон формирање на свој идентите кај адолесцентот се: сексуалното созревање, когнитивните способности за хипотетско-дедуктивно мислење и самопосматрање, како и самиот пораст на социјален притисок кој го насочува да бира професија. Адолесцентот си бира свој идентитет преку исполнување на различни општествени улоги и најчесто прави брзи преориентирања. Ериксон зборува за кризи во секој период од животот, а кризата во адолесцентниот период е идентитетот или збрка на идентитетот. Младата личност има потреба од утврдување и доградување на својот идентитет, а тоа ја тера да експериментира со себе или да испробува улоги. Дали кризата

---

[3] *Study.com* е онлајн платформа која го прави образованието подостапно, поефтино и поинтересно (вклучувајќи забавни видеа и лекции кои ги спремале професионалци). Платформата ја користат многу студенти, наставници и работници каде што добиваат курсеви и алатни за учење за полесно да го разберат материјалот кој им е од интерес.

[4] Промените што се случуваат во мозокот на адолесцентот резултираат со однесувања кои можат да го ослабат распонот на вниманието, да предизвикаат слаба контрола на импулсите и да резултираат со недостаток на способност за да се проценат наградите и да се вреднуваат долгорочните цели. Сите овие однесувања се контролирани од фронталниот лобус на мозокот, кој сè уште се развива во адолесценцијата. Истражувачите сè уште се обидуваат да откријат точно зошто, но веројатно е дека ваквиот развој на мозокот игра улога во флуктуирачките резултати на коефициентот на интелигенција што се јавуваат во адолесценцијата.

ќе биде успешното решена зависи од напредокот во предходите развојни фази, насочувајќи се кон проблемите како што се доверба, автономија и иницијатива. Тие кои успешно излегуваат од оваа фаза, со силно чувство за идентитет, доверба и сигурност, спремни се да се соочат со зрелоста. Кај тие кои не успеваат да постигнат целосен идентитет, кои се соочуваат со криза на идентитет, ќе се појави конфузија на улогите, односно нема да знаат кои се, каде припаѓаат или каде сакаат да одат. Ваквиот вид на нерешена криза ги остава поединците да се борат за да се пронајдат себеси. Тие може да продолжат да го градат својот негативен идентитет, што вклучува криминал, дрога или неможност да се дефинираат изборите во врска со иднината.

Квалитет што се развива во адолесцентниот период, според Ериксон, е верноста. Таа е способност да се осварува ветеното, односно да се биде лојален и искрен. Збрката на идентитет е нужно искуство, но не е добро ако се создаде негативен идентитет или неквалитет, што Ериксон го нарекува одрекување. Тоа е кога личноста се чувствува збунето и отфрлено, нема јасна слика за себе и не прифаќа улоги. Идентитетот не е значаен само за личноста, туку од него зависи понатамошното менување на заедницата, односно, младите се генератори на општествените промени[5].

Доцната адолесценција и периодот што следи, често познат како полнолетство, се сметаат за особено важни за стадиумот на континуиран развој низ животниот век. Во една статија[6] каде што се зборува за предизвиците на доцната адолесценција, авторите велат дека во тој период

> поединците започнуваат да прават избори и да се вклучуваат во различни активности, кои понатаму ќе влијаат врз остатокот од нивниот живот. Како што младите преминуваат во полнолетство, околу осумнаесеттите години (често по завршувањето на средно училиште), нивните избори и предизвици се менуваат. Тоа овозможува степен на зрелост каде тие почнуваат да донесуваат одлуки за образованието или влез во пазарот на трудот, иселувањето од семејниот дом, а понекогаш и брак и родителство. Иако раната адолесценција добила многу внимание од страна на истражувачите како период на големи предизвици, неодамна доцната адолесценција стана период на интерес помеѓу истражувачите.

[5] Јанаков Б. (2015) Современа психологија на личноста. *Филозофски факултет, Скопје*
[6] Zarrett N., Eccles J. (2006) The passage to adulthood: Challenges of late adolescence. *New Directions for Youth Development*

> Демографските, социокултурни и промени на пазарот на трудот ги правеле полесно транзициони годините помеѓу осумнаесет и дваесет и пет, отколку во блиското минато. Пред триесет години, периодот на адолесценција се сметал дека завршува некаде помеѓу осумнаесет и дваесет и две години, тогаш младите избирале помеѓу помали, полесно разбирливи опции после средното училиште. Тие добро дефинирани патишта од адолесценцијата до зрелоста веќе не постојат. А ваквите посложени и похетерогени опции и избори за премин во зрелоста го прават доцниот адолесцентен период попредизвикувачки отколку во минатото, особено за младите кои не се на факултет и за етичките малцинства.

Интелигенцијата од многу одамна зазема посебно место во живиот свет на земјата, таа била најсилното оружје со кое нашите предци се бранеле од опасните предатори. Терминот интелигенција, кој е воведен од Спенсер (H.Spencer), а се темели на преводот што го направил Цицерон на Аристотеловиот поим "разбирање". Латински "*intellectus*" има две основни значења: ум и моќ на сфаќање. Корените на современиот поим иинтелигенција исто така лежат во латинскиот глагол intellegere, со основно значење разбира.

Интелигенцијата се јавува како значајна варијабла за професионални, социјални, научни, спортски и др. човечки активности, исто така, има сложени врски со емоционалната и мотивациската структура и функционирањето на личноста. Како што атомската енергија може да се употреби за корист на човештвото, или да се злоупотреби, така може да се постапува и со интелигенцијата[7]. Бидејќи постојат огромен број начини да се биде интелигентен, постојат и многу концептуализации на интелигенцијата.

Во обидот теоретски да се објасни проблемот на истражувањето најнапред одделно ќе бидат презентирани социјалната и емоционалната интелигенција. Потоа ќе се осврнеме на поширокиот конструкт кој е спој од двете интелигеции и се нарекува „социјално-емоционална интелигенција" („ESI"). Исто така, посебно ќе се осврнеме на периодот на адолесценција и поврзаноста на варијаблите со овој период.

Во продолжение на објаснувањата на теоретските основи на истражувањето ќе биде презентирана и сексуалната интелигенција која има голема улога во животот на младите, колку и тие да не се свесни за тоа. Посебно во периодот на адолесценција и хормонални промени, кога младите се во фаза на истражување и ризикување. Љубопитноста се повеќе расте и тоа најчесто резултира со деликвентни однесувања, булинг и многу непромислени

[7] Ачковска-Лешковска Е. (2016) Интелигенција. *Филозофски факултет- Институт за психологија, Скопје*

одлуки кои можат да им го променат понатамошниот тек на животот. Затоа, се повеќе се става акцент на табу темите кои се причина за проблемите со кои се соочуваат младите. Една од нив е сексуалноста.

Сексуалната интелигенција, исто како и останатите видови интелигеција, треба да се развива уште во почетокот на адолесценција. Ако навреме се започне со образование за сексуалноста, се очекува во пародот на доцна адолесценција младите да имаат одреден степен на сексуална интелигенција која многу ќе им користи при бирањето на партнери и заштита од ризични сексуални однесувања.

Во ова истражување, зависна варијабла е религиозноста. Кон нејзино проучување, како и кон проучувањата на секоја друга организирана човечка активност, можеме да пристапиме од различни правци и гледишта. Па така, од историска гледна точка, заинтересираноста за религијата е насочена кон нејзиниот развој низ времето, традицијата и нејзините сличности со други традиции. Исто така, историчарите се насочени и кон економското, политичкото и општественото влијание кое го има религијата врз одредено општество. Социолозите пак, се занимаваат со откривање на социјалните вредности кои се искажуваат во една религиска традиција, нивните верувања и влијанието кое го имаат врз спојувањето или раслојувањето на самото општество. Кон структурите на верувањето се насочени психолозите, кои сметаат дека таквите верувања водат кон посебен вид на саморазбирање.

Во истражувањето на овој труд, за религијата се мисли дека, со созревањето и зголемувањето на коефициентот на интелигенција кај младите, таа ќе се намалува. Иако во поново време се помалку се посветува внимание на религиозноста, во адолесцентниот период таа е многу важна затоа што и помага на личноста да ги контролира нагоните и помалку да се впушта во ризици.

- **СОЦИЈАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА**

Една од суштинските карактеристики која се користи во објаснување и предвидување на однесувањето во специфична интерперсонална ситуација е социјалната интелигенција.[8] Во рамки на историскиот поглед на дефинирање на социјалната интелигенција, може да се забележи дека овој феномен најчесто е препознатлив на ниво на практично искуство (очигледно е дека во животот среќаваме луѓе кои знаат добро да се движат во социјалната средина, знаат како да се разберат со луѓето, нивното убедување итн.).

Социјалната интелигенција која се објаснува како способност за мудро дејствување во секакви социјални ситуации, првично била предложена од Едвард Л. Торндајк во една статија напишана за *Harper's Magazine,*[9] каде што пишува дека *Најдобриот менаџер, во фабрика може да биде лош менаџер, затоа што нема социјална интелигенција*. Тој ја дефинира социјалната интелигенција како способност да се разберат другите луѓе, да се управува со нив и да се постапува мудро во меѓучовечките односи. Но, управувањето со луѓето не подразбира и социјална манипулација.

Социјалната интелигенција е реална и индивидуална карактеристика која помага за полесна и поквалитетна социјализација и комуникација. Сепак, обидувајќи се попрецизно да ја дефинираме, наидуваме на одредени потешкотии.[10] Торндајк напишал дека оние луѓе што поседуваат облик на социјална интелигенција, способни се со леснотија да се поврзуваат со другите луѓе, мудро да ги читаат нивните реакции и чувства, да предвидат и да решаваат недоразбирања настанати во која било сфера од животот. Според него, интерперсоналната ефикасност е многу значајна за постигнување на усшех во многу подрачја, особено водството.[11]

---

[8] Birknerová Z., Frankovský M. (2015) Social Intelligence- an important attribute in the helping professions. *Social Education*, *3*(2), 76-84.

[9] Thorndike, E. L. (1920) Intelligence and its use. *Harper's Magazine*.140, 227–235.

[10] Silvera, D., Martinussen, M., & Dahl, T. I. (2001). The Tromsø Social Intelligence Scale, a self-report measure of social intelligence. *Scandinavian journal of psychology*, *42*(4), 313-319.

[11] Таквите луѓе се родени предводници и водачи, кои се во состојба да ги искажат и презентираат колективните чувства и да ги артикулираат на начин што на групата ќе ѝ овозможи остварување на посакуваната цел. Тоа се луѓе со кои другите преферираат да бидат во друштво, бидејќи им поттикнуваат позитивни емоции- тие на другите им овозможуваат подобро да се чувствуваат и за нив се вели: "Задоволство е да се биде со ваков човек".

Теоријата за повеќестрана интелигенција на Гарднер[12] поаѓа од претпоставката дека интелигенцијата може да се манифестира на различни начини, во рамките на многу дејности и со оглед на специфичностите на различните култури. Тој укажува дека постојат барем 7 интелигенции кои се релативно независни, меѓу кои зборува и за интерперсоналната (социјална) интелигенција. За неа, тој вели дека се заснова на способноста да се разберат другите луѓе, да се препознаат нивните расположенија, намери и желби и соодветно да се реагира на нив. Лицата кај кои е развиена, се социјално одговорни, се одликуваат со емпатија и способност да го видат светот од аспект на другите луѓе или да влијаат врз одредена група луѓе.

Според моделот за социјална интелигенција на Даниел Големан,[13] таа може да се смести во 2 широки категории: *социјална свест* (што чувствуваме за другите) и *социјална спретност* (што потоа правиме со таа освестеност).

Социјалната свест се движи од моментно чувство за нечија внатрешна состојба, преку сфаќање на чувствата и мислите на другите, до потполно разбирање на сложените социјални ситуации. Таа вклучува:

-Примарна емпатија која значи сочувство со другите и чувствување на невербалните емоционални сигнали. Таа претставува автоматско читање на невербалните знаци, дури и тогаш кога личноста се обидува да ги прикрие. Може да се мери со тестот PON (*Profile of Nonverbal Sensitivity*) кој вклучува емитување на видео снимка која трае само 2 секунди, а од лицето се бара да погоди што се случува на социо-емоционален план со ликот, телото или гласот кој го гледаат или слушаат.[14] Друг тест кој може да ја мери примарната емпатија е Simon Baron-Cohen тестот за читање од очи (Eye reading test). Тој се состои од 36 фотографии на кој е прикажан предел од очите, врз основа на кој испитаникот треба да препознае во каква емоционална состојба се наоѓа лицето, така што ќе се одлучи за еден од понудените одговори. Авторот укажал на тоа дека испитаниците кои покажуваат висок резултат на овој тест се со изразен интерперсонален сензибилитет. Тоа ги прави

[12] Gardner, H. (1993). *Multiple intelligences: The theory in practice*. Basic books.
[13] Goleman D. (2006). Social Intelligence. *The New Science of Human Relationships*
[14] Истражувањата покажале дека жените покажале подобри резултати од мажите, особено кај димензија на емпатија, во просек за околу 3%.

поуспешни во професии во кои е важна развиеноста на чувството за емпатија. Додека, лицата кои постигнуваат екстремно лоши резултати на тестот, најверојатно имаат аутизам.

- Емпатиска точност значи точна проценка за тоа што некој чувствува, мисли и има намера да направи. Најчесто да се испитува со скриена камера, каде што двајца доброволци поминуваат заедно 5 мин. во една просторија, без да знаат дека се снимани. Потоа, секој од нив ја добива снимката и треба да напише што мислел и чувствувал за време на средбата, а потоа, да ги претпостави мислите и чувствата на другиот. Емпатската точност е клучна за успешен брак, особено во првите години кои се пресудни. Исто така, се мисли дека помага во ситуации кои се опасни, како на пример ако се најдеме лице в лице со крадец, па треба брзо да реагираме, со тоа што емпатиската точност ќе ни помогне да претпоставиме како би реагирал крадецот.

-Социјална когницијa е способност за сфаќање на другите луѓе и нивното однесување во различни социјални ситуации, односно знаење како функционира социјалниот свет. Таа овозможува точно интерпретирање на социјалните сигнали, изнаоѓање на правилни решенија за одредени социјални ситуации и правилно однесување кое од нас се очекува во таквите ситуации (на пр. Како да се однесуваме во театар).

Социјалните вештини се надоврзуваат на социјалната свест и тие овозможуваат ефикасна интеракција. Спектарот на социјални вештини вклучува:

-Синхронија: избалансирана интеракција на невербално ниво.

-Самопретставување: ефикасно претставување на себе си.

-Влијание: обликување на исходите на социјалната интеракција.

-Грижливост: грижа за потребите на другите и постапување во согласност со тоа.

Големан објаснува дека способностите од високите нивоа (кои се однесуваат на општественото сознание) и способностите од ниските нивоа (се однесуваат на невербалните способности) се измешани заедно во овој модел на социјална интелигенција.

Да се води успешен живот во општество без развиена социјална интелигенција е доста тешко, затоа што таа му помага на поединецот да развива здрав соживот со другите луѓе.

Социјално интелигентните луѓе умеат да се однесуваат тактички и да напредуваат во животот. Така, социјалната интелигенција е најважен развоен аспект во образованието.[15] Утврдено е дека четирите поддимензии на социјалните вештини според Големан се значително поврзани со однесувањето при учењето. Таквите резултатите не уверуваат дека социјалната интелигенција, за разлика од емоционалната, им е многу поважна на учениците и студентите. Едно прашање во врска со кое воспитувачите и социјалните филозофи се многу загрижени, е влијанието на самопретставувањето врз денешните адолесценти. Загриженоста е затоа што таквите адолесценти се повеќе стануваат нарцисоидни додека ги користат социјалните медиуми (како што е Фејсбук, Инстаграм..) и дека нивното однесување на тој начин радикално се менува.[16] Таквата лажна, егоцентрична и дрска презентација на себе може да доведе до пад на целокупната социјална интелигенција. На денешните адолесценти им се нудат многу лесни начини за комуникација, кои се искористуваат за многу манипулативни однесувања, кои имаат негативно влијание. Сето тоа придонесе до слаби вештини за вербална комуникација, проблеми со помнењето и многу други психопатолошки однесувања, за кои, за жал, повеќето адолесценти не се ни свесни.

Без поседување на социјална интелигенција, успехот во животот на луѓето е речиси невозможен.[17] А луѓето кои се успешни и имаат високо ниво на социјална интелигенција, се подразбира дека ќе имаат и посреќен живот. Исто така, успешните и среќни луѓе кои имаат високо ниво на социјална интелигенција, ќе станат популарни. Таквата популарност за возврат може да доведе до среќа, иако тоа се чини дека не е поврзано со академските достигнувања.[18] Во однос на разликите во скоровите на социјална интелигенција на луѓе од различни возрасти, Торндајк (1920) сугерирал дека со возраста и искуството на една личност, се зголемува и социјалната интелигенција.

Мерење на социјалната интелигенција

---

[15] Saxena, S., & Jain, R. K. (2013). Social intelligence of undergraduate students in relation to their gender and subject stream. *Journal of Research & Method in Education*, *1*(1), 1-4.

[16] Ong, E. Y., Ang, R. P., Ho, J. C., Lim, J. C., Goh, D. H., Lee, C. S., & Chua, A. Y. (2011). Narcissism, extraversion and adolescents' self-presentation on Facebook. *Personality and individual differences*, *50*(2), 180-185.

[17] Nagra, V. (2014). Social intelligence and adjustment of secondary school students. *Paripex-Indian Journal of Research*, *3*(4), 86-87.

[18] Meijs, N., Cillessen, A. H., Scholte, R. H., Segers, E., & Spijkerman, R. (2010). Social intelligence and academic achievement as predictors of adolescent popularity. *Journal of Youth and Adolescence*, *39*, 62-72.

И покрај многуте обиди, тешко е да се измери социјалната нтелигенција. Некогаш популарната скала на универзитетот во Вашингтон, Тест за социјална интелигенција,[19] во поновите истражувања не покажала валидност.[20]

Понатаму, современите скали за социјална интелигенција (меѓу кои и поновата Tromsø Social Intelligence Scale[21]) поставуваат апстрактни прашања за ситуации со кои повеќето луѓе се немаат сретнато или интелигенцијата ја делат на домени со одредено ниво на пристрастност. Повеќето од прашалниците го мерат вербалниот коефициент на интелигенција, а не компетентноста во социјални ситуации.

- **ЕМОЦИОЛНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА**

Појавата на конструктот емоционална интелигенција (EQ) уште од самиот почеток предизвикала голем број на контраверзии во научната јавност, а тоа се должело на соединувањето на двата навидум исклучиви психолошки поими- интелигенција и емоции. На емоцијата се гледало како на нешто што го оневозможува рационалното размислување и ја отежнува квалитетната работа. Но, бројните истражувања го покажале спротивното, односно ако емоциите се правилно управувани, можат дури и да го подобрат рационалното размислување. Со тоа се овозможува правилно донесување на одлуки и насочување на поединецот кон соодветно однесување.

Од податокот дека мисловниот разум настанал од емоционалниот, се откриваат многу работи за врската помеѓу мислите и чувствата. Емоционалниот разум постоел многу долго време пред да се развие рационалниот. Тоа придонело да се развие верување дека коефицентот на емоционална интелигенција (EQ) можеби е поважен ѝ од IQ. Односно, тој подобро го предвидува успехот во работата и општо во животот, квалитетот на интерперсоналните врски и целосната исполнетост и среќа на личноста. Една од специфичностите поврзани со емоционалната интелигенција, која придонесува за да се зголеми интересот за овој концепт, е сознанието дека со вежбање и работење на себе, може да се стимулира и подобрува нејзиниот развој.

---

[19] Hunt, T.(1982) Contemporary Personnel Psychology: An Overview. *Public Personnel Management*, *11*(1), 72–79.
[20] Ford, M. E., & Tisak, M. S. (1983). A further search for social intelligence. *Journal of Educational Psychology*, *75*(2), 196.
[21] Silvera, D., Martinussen, M., & Dahl, T. I. (2001). The Tromsø Social Intelligence Scale, a self-report measure of social intelligence. *Scandinavian journal of psychology*, *42*(4), 313-319.

Првата употреба на терминот "Емоционална интелигенција" најчесто се препишува на Вејн Пејн (Wayne Payne), во неговиот докторат "Студија за емоциите: развивање емоционална интелигенција" во 1985 година. А во 1966 година терминот емоционална интелигенција се сретнува и во статијата на Л. Барбара.[22] Гринспен[23] исто така изнел модел на ЕИ, кој е следен од Саловеј и Мајер[24], а потоа и од Големан.[25]

Bar-On и Parker[26] ја избработиле и публицирале првата книга која опширно ја претставувала емоционалната интелигенција со 22 прилози. Таа се однесува на теоријата, развојот, мерењето и примена на ЕИ во семејството, училиштето и на работното место, како и нејзините односи со релевантните конструкти (социјална и практична интелигенција, креативност, алекситимија, емоционална компетентност, емоционална свесност, модели на личноста).

Кон средината на деведесеттите години, Големан го популаризирал овој концепт истакнувајќи ја важноста на самосвесноста, самоконтролата, мотивацијата, емпатијата и социјалните вештини во професионалните достигнувања и личната благосостојба на секој човек. Тој ја дефинирал на следниов начин: „Емоционалната интелигенција ја сочинуваат некогнитивни способности, компетенции и вештини кои влијаат на способноста на личноста успешно да ги совладува предизвиците на секојдневието".[27]

Првата дефиниција за емоционалната интелигенција ја претставиле Саловеј и Мајер, кои воедно се и автори на модело за емоционалната интелигенција и таа гласи: "Емоционалната интелигенција е способност за следење на сопствените и туѓите чувства и емоции и употреба на тие информации во размислувањето и однесувањето".[28] Според нив, постојат четири нивоа на способности:

---

[22] Leuner, B. (1966). Emotional intelligence and emancipation. A psychodynamic study on women. *Praxis der kinderpsychologie und kinderpsychiatrie*, *15*(6), 196-203.
[23] Greenspan, S. I. (1989). Emotional intelligence. In K. Field, B. J. Cohler, & G. Wool (Eds.), *Learning and education: Psychoanalytic perspectives* (pp. 209–243). International Universities Press, Inc.
[24] Salovey, P., & Mayer, J. D. (1990). Emotional intelligence. *Imagination, cognition and personality*, *9*(3), 185-211.
[25] Goleman D. (1995) Emotional intelligence. *New York : Bantam Books*
[26] Bar-On R., Parker J. D. A. (2000). The Handbook of Emotional Intelligence: The Theory and Practice of Development, Evaluation, Education, and Application--At Home, School, and in the ... - at Home, School and in the Workplace. *Jossey Bass*
[27] Goleman D. (1997). L'intelligence émotionnelle. *Psychologie*
[28] Salovey, P., & Mayer, J. D. (1990). Emotional intelligence. *Imagination, cognition and personality*, *9*(3), 185-211.

1 Ниво- Перцепција, процена и изразување на емоциите

Најниското ниво значи способност и вештина личноста да направи точна проценка во емоционалните образци на однесување. Така, децата учат да ги идентификуваат и разликуваат сопствените и туѓите емоционални сосотојби. Како што детето расте, така му се зголемува способноста за имагинативно пристапување и искажување на чувствата. Тоа имагинативно мислење му помага на детето да изведе општ заклучок за себе и другите.

2 Ниво- Емоционална фацилитација на мислења

Ова ниво претставува способност емоциите да се користат на начини на кои ги олеснуваат интелектуалните процеси. Емоциите овозможуваат внесување на приоритети во мислењето со тоа што се насочува вниманието на важни информации. Според тоа, компонентите на емоционалната интелигенција вклучуваат асимилација на емоционалните искуства во менталниот живот.[29] Доколку се стават емоциите во функција на цели, тогаш ќе се подобри селективното внимание, само-мониторингот, самомотивирањето, итн. [30]

3 Ниво- Разбирање и анализирање на емоциите; користење на емоционалното знаење

Третотот ниво вклучува способност за разбирање и разликување на емоциите и употреба на емоционалното знаење. Така, детето ги забележува сличностите и разликите меѓу симпатија и љубов, нетрпеливост и бес итн. Покасно, се јавува и способноста за толкување на емоцоналното значење кое се пренесува со оглед на односите. Па така, тагата се поврзува со загуба, а личноста има способност за разбирање и на посложените чувства. Детето започнува да ги забележува сличностите и разликите помеѓу тага и жалење, нетрпеливост и бес итн, а воедно и комбинации од емоции (на пр. надежта е спој на верата и оптимизмот). Накратко, оваа компонента се однесува на законитостите при

[29] Mayer, J. D., Caruso, D. R., & Salovey, P. (1999). Emotional intelligence meets traditional standards for an intelligence. *Intelligence*, *27*(4), 267-298.
[30] Zeidner, M., Matthews, G., Roberts, R. D., & MacCann, C. (2003). Development of emotional intelligence: Towards a multi-level investment model. *Human development*, *46*(2-3), 69-96.

појавување на специфични емоции, а исто така и разбирање на емоционалните проблеми, односно знаењето за тоа кои емоции се слични и какви се релациите помеѓу нив.[31]

4 Ниво- Рефлексивна регулација на емоциите со цел кон емоционален и интелектуален развој

Највисокото и најсложеното ниво на емоционалната интелигенција е свесната регулација на емоциите која води кон емоционален и интелектуален напредок. Единствено ако личноста е свесна и отворена кон своите емоции, може за нив нешто и да научи, без разлика дали станува збор за пријатни или непријатни емоции. Најбазичната способност во ова ниво е отвореноста спрема емоциите, а најсложената способност во ова највисоко ниво на емоционалната интелигенција е способноста за управување со сопствените емоции и емоциите на другите. Тоа подразбира способност за ублажување на негативните емоции и зајакнување на пријатните, каде нема да се намали или презасити информацијата која тие ја пренесуваат.

Со достигнување на ова највисоко ниво од моделот се овозможува подобрување на социјалната адаптација и решавањето на проблемите, бидејќи вклучува знаење за тоа како да ги надминеме стресните ситуации или како да ги ублажиме стресните емоции кај другите луѓе.[32]

Според Мајер (Mayer), луѓето на разни начини ги препознаваат емоциите и се соочуваат со нив.[33] Па, оттука, тој зборува за три типови на луѓе:

Самосвесни. Тие луѓе имаат подобар емоционален живот бидејќи се свесни за тоа што го чувствуваат. Сознавањето на емоциите најчесто им е основа за други особини: самостојност и свесност за сопствените ограничувања, доброто психичко здравје и гледање на животот на позитивен начин. Накратко, нивната свест е таа која им помага да се изборат со своите чувствата.

[31] Zeidner, M., Matthews, G., Roberts, R. D., & MacCann, C. (2003). Development of emotional intelligence: Towards a multi-level investment model. *Human development*, *46*(2-3), 69-96.
[32] ibid
[33] Според Goleman D. (1995)

Духовно скршени. Таквите луѓе често потпаѓаат под влијание на емоциите каде чувствата почнуваат да управуваат со личноста. Лабилни се и недоволно свесни за сопствените чувства. Тешко можат емоциите да ги оттргнат од себе така што полесно им е да ги прифатат отколку да бараат некој излез. Најчесто не им успеваат обидите да го избегнат лошото расположение, чувствувајќи дека немаат контрола над нивниот емоционалниот живот.

Помирливи. Иако им е јасно што чувствуваат, овие луѓе се помируваат со чувствата и ги прифаќаат без желба да ги изменат. Постојат два вида на помирливи личности: едните се обично добро расположени, не доволно свесни за животот и немаат причина да се менуваат; другите се лошо расположени, но тоа го прифаќаат со леснотија и не превземат ништо за да го изменат тоа.

Во Големановиот модел на емоционалната интелигенција се вклучени конструктите како оптимизам, мотивација, социјална компетенција, свесност како и специфични социјални и комуникациски вештини.[34] Според авторот, луѓето со висок IQ не се секогаш успешни во реалните животни ситуации. Тоа најчесто се докажува кога како критериуми се користени личниот доход, продуктивноста и статусот во професијата, животното задоволство и среќата во интерперсоналните односи. За да се постигне таа цел, неопходно е човекот да умее да се мотивира себе си, да успее да управува со сопствените емоции, да истрае и покрај потешкотиите и фрустрациите. Оваа способност, Големан[35] ја опишува со поимот емоционално интелигентно однесување. Тој (1995) ја дефинира конструкцијата врз основа на раното истражување на ЕИ на Саловеј, наведувајќи дека емоционалната интелигенција се состои од пет компетенции:

1. Познавање на сопствените емоции (свест за себе) – тоа претпоставува способност да се запознаеме себе си и сопствениот идентитет, да бидеме свесни за нашите предности и мани, потреби и мотиви. Луѓето со јасна самосвест се отворени и искрени, како спрема себе си така и кон другите, имаат висока самодоверба, не се премногу критични кон другите и свесни се за своите граници и можности. Тие се спремни да прифатат критика

[34] Goleman D. (1997). L'intelligence émotionnelle. *Psychologie*

[35] Goleman (1999), според Avsec, A., & Pečjak, S. (2003). Emocionalna inteligentnost kot kognitivno-emocionalna sposobnost. *Psiholoska obzoija*, *12*, 35-49.

на своја сметка, способни се да се менуваат, развиваат и учат, што им овозможува полесно да управуваат со својот живот. Според анализата на Големан, свеста за себе е клучна вештина од која зависи и степенот на нашата самоконтрола. Притоа, тој советува да не ги потиснуваме своите емоции, туку да развиваме способност за нивно контролирање и правилно насочување.

2. Управување со емоциите - самоконтролата е способност за правилно изразување и контролирање на емоциите, што ни овозможува да раководиме со себе и да не бидеме заробеници на нашите емоции. Самоконтролата дава можност силните и негативните емоции да се контролираат, канализираат и да се искористат за сопствено добро. Еден од поважните елементи на самоконтролата е способноста за справување со стресни ситуации и однесување кое е од личен интерес, за доброто на себеси.

3. Самомотивирање или самодокажување е највисокото ниво на задоволување на човековите потреби. Луѓето кои се самомотивирани настојуваат да постигнат резултати кои се над нивните очекувања и очекувањата на другите луѓе. Самомотивација значи да се пронајде задоволство и инспирација во тоа што се работи, притоа да не се потребни надворешни стимулуси (статус, голема плата, награда, казна или закана) за да се тргне во акција. Луѓето кои ја поседуваат оваа способност се продуктивни и ефективни без оглед со што се занимаваат, затоа што работата ги исполнува и за нив претставуваат креативен предизвик.

4. Препознавање на емоциите на другите - тоа е основа за алтруизам, помагање на другите и соработка, па затоа е неопходно за успешно вклопување во заедницата. Емпатијата е многу значајна и не е едноставно да се навлезе во размислувањето и емоционалната сосотојба на соговорникот. Способноста работите да ги посматраме од позиција на соговорниците ни овозможува и да ги разбереме нивните емоционални потреби, грижи и желби.

5. Снаоѓање во интерперсоналните релации (социјални вештини) – таквите вештини претставуваат способност да се воспостави и одржува конструктивен и продуктивен однос со другите луѓе. Снаоѓаето помага да се превенираат конфликти, да се остварува полесна

интеракција и подобро да се обликуваат врските со другите. Основа на овој елемент на емоционалната интелигенција претставува добрата и искрена комуникација.

Во теоријата на мултипла интелигенција на Гарднер[36] се спомнува интраперсоналната,односно емоционалната интелигенција која тој ја објаснува како интелигенција на внатрешното селф. Луѓето кај кои е развиена имаат точна слика за своите доблести и слабости, свесни се за своите расположенија, интереси и желби. Тие можат лесно да стигнат до своите чувства, да прават дистинкција меѓу нив, да го користат себеразбирањето за да го збогатат својот живот.

Најистакнатиот и најпосветениот претставник кој работел на комбинираниот модел на емоционалната интелигенција е Ровен Бар-Он (Reuven Bar-On). Според него, емоционално-социјалната интелигенција е "низа од поврзани емоционални и социјални компетенции, вештини и однесувања кои детерминираат колку ефективно се разбираме себе си и се изразуваме, ги разбираме другите и стапуваме во односи со нив и се соочуваме со секојдневните барања, проблеми и притисоци".[37] Неговиот концепт за емоционална интелигенција е општирен и вклучува 15 компоненти, кои се групирани во 5 кластери:

- интраперсонални компоненти (емоционална самосвест, упорност, самопочитување, самоактуелизација и независност);
- интерперсонални компоненти (емпатија, интерперсонални односи и социјална одговорност);
- компоненти на прилагодливост (решавање проблеми, флексибилност и објективност во проценката);
- компоненти на управување со стресот (толеранција на стрес и контрола на нагоните);
- компоненти на општо расположение (среќа и оптимизам).

[36] Gardner, H. (1993). Multiple intelligences: The theory in practice. *Basic books.*
[37] Bar-On, R. (2012). Emotional quotient-inventory. *American Psychological Association (APA)* p.31

Врз основа на сите теоретски модели, Пертридес и Фурнам[38] предложиле два конструкта на емоционалната интелигенција:

- како особина на личноста и
- како способност.

Типичен пример за емоционална интелигенција како способност на личност е моделот на Саловеј и Мајер, а моделите на Големан и Бар-Он се комбинирани.

Лице со висок коефициент на емоционална интелигенција особено јасно и без никаков страв зборува за своите чувства, заинтересиран е за чувствата на другите, ја разбира и невербалната комуникација, не дозволувајќи да го преплават негативни емоции, неуспехот не му претставува препрека за да продолжи понатаму и не се мотивира од материјални работи. Високата емоционална интелигенција ќе ни помогне да бидеме поуспешни во надминувањето на стресни ситуации, во градењето на пријателски врски и постигнување на успеси на секое поле од животот (Vracar, 2008).

Мажите со висока емоционална интелигенција се отворени, стабилни, весели, дружељубиви, не се подложни на страв и загриженост. Тие во своите врски се полни со разбирање и внимание, исклучително се верни, одговорни и етични. Нивниот емоционален живот е богат и разновиден, каде не ги кријат своите чувства, а тоа овозможува поголема посветеност на себе. Исто така, емоционално интелигентните жени се весели, отворени, одговорни и своите чувства ги искажуваат на вистински начин. Добро поднесуваат стрес и нивната социјална инвентивност им овозможува лесно да запознаваат нови луѓе. Доволно се во согласност со сопственото битие, а поради тоа се спонтани и отворени за сите сексуални искуства.

Постојат одредени родови разлики во врска со емоционалната интелигенција, односно девојчињата и жените постигнуваат повисоки оценки на скалите за емоционална интелигенција.[39] Така што, постојат докази дека жените имаат поразвиен и покомплексен

[38] Petrides K.V., Furnham A.(2000) On the dimensional structure of emotional intelligence. *Personality and Individual Differences* 29, 313-320

[39] Според Brackett, Mayer, & Warner, 2004; Ciarrochi et al., 2000; Mayer, Caruso, & Salovey, 1999.

речник за изразување на емоциите[40] и дека тие се подобри од мажите во дешифрирање на невербалното однесување.[41]

Емоционалната интелигенција е таа која му дава на нашето битие особини кои нè прават почовечни. Аристотел рекол дека она кон што сите ние се стремиме е вистинска емоција, чувство кое е во согласност со околностите. Тогаш кога емоциите се премногу потиснати доведуваат до едноличност и изолираност. Од друга страна, ако тие се неконтролирани, екстремни и траат повеќе од границата на издржливост, тогаш стануваат патолошки (општа депресија, пренагласена анксиозност, несовладлив бес или манијакални напади). Сите емоции се "природни" и треба да се доживуваат такви какви што се, без оглед на нивната депресивност.

Емоционална писменост

Клауд Стајнер е авторот на синтагмата емоционална писменост, која тој ја објаснува како емоционална интелигенција водена од срцето. Тој смета дека секој може да научи по нешто за своите емоции. Да се биде емоционално писмен значи да се биде способен за управување со емоциите на начин кој што ја зголемува личната моќ и го подобрува квалитетот на живот на личноста и на луѓето околу неа.

Емоционалната писменост е таа која им помага на емоциите да работат за нас, наместо против нас. Некои луѓе низ процесот на растење се здобиле со високо ниво на емоционална писменост, меѓутоа малкумина на полето на емоциите се онолку мудри колку што би можеле да бидат.[42]

Стајнер конструирал и Прашалник за емоционална свесност, кој овозможува кај испитаникот да се процени профилот на емоционална свесност од профил на ниска свесност до профил на висока свесност.

---

[40] Brackett, M. A., Rivers, S. E., Shiffman, S., Lerner, N., & Salovey, P. (2006). Relating emotional abilities to social functioning: a comparison of self-report and performance measures of emotional intelligence. *Journal of personality and social psychology*, *91*(4), 780.

[41] Brackett, M. A., & Salovey, P. (2006). Measuring emotional intelligence with the Mayer-Salovery-Caruso emotional intelligence test (MSCEIT). *Psicothema*, *18*, 34-41.

[42] Steiner C. (2003). Emotional Literacy: Intelligence with a Heart.

Мерење на емоционалната интелигенција

Врз основа на теоретската концептуиализација, изработени се и инструменти за мерење на емоционалната интелигенција. Најпознат мерен инструмент за емоционална интелигенција сфатена како способност е MSCEIT (2002), а емоционална интелигенцигја сфатена како црта на личност се мери со инструменти за самопроцена на испитаниците, како што се TMMC (1995), SEIS (1998), ECI (1999) и др.

Најмногу обиди за мерење на емоционалната интелигенција направиле авторите на концептот, Мајер и Саловеј. Со оглед на тоа дека сите претходно предложени модели за емоционалната интелигенција претпоставуваат дека таа е составена од повеќестрани способности, потребно е да се изнајде метод за процена и мерење на секоја од нив.

Мерењата на емоционалната интелигенција се одвиваат главно на три начини:

1. самопроцена на испитаниците

Инструментите кои се користат за самопроцена се потпираат на саморазбирањето на индивидуите кој ги пополнуваат. Тие се конструирани за да можеме со нивна помош да ги процениме верувањата и перцепциите на поединците за компетенции од специфични подрачја. Скалите кои ги вклучувале таквите мерки за емоционална интелигенција не се покажале како особено корисни. Односно, повеќето скали за самопроцена на емоционалната интелигенција се покажало дека имаат слаба релијабилност.

2. процена на други луѓе

Заради своите бројни недостатоци, мерката за емоционална интелигенција преку проценатa на други луѓе е ретко користена. Најголем недостаток е тоа што при проценатa на туѓото однесување големо влијание има посматрачот, односно неговата перцепција и емоционална интелигенција. Односно, ако проценувачот поседува ниско ниво на емоционална интелигенција, тогаш неговите одговори нема да бидат валидни, бидејќи тој нема да знае да ја процени емоционалната интелигенција на другите луѓе.

3. непосредно проценување на способностите

Таквото мерење на емоционалната интелигенција се одвива со помош на психолошки инструменти кои ја мерат способноста на личноста за решавање на проблемот (на пр. идентификување на емоции на лице, слика или во некоја приказна), а одговорот на испитаникот е достапен за евалуација во однос на некој критериум. Бидејќи емоционалната интелигенција е дефинирана како склоп на способности, непосредното проценување е неопходно да се применува, но таквите тестови се малкубројни и недоволно проверени. Прв таков инструмент конструирале Мајер и Саловеј, операционализирајќи го преку својот, претходно опишан модел за емоционална интелигенција - *MultiFactor Emotional Intelligence Scale(MEIS).* Подоцна, авторите на конструктот, заедно со Карузо формирале уште еден инструмент- *Mayer-SaloveyCaruso Emotional Intelligence Test (MSCEIT).*[43]

Во MSCEIT од испитаниците се бара:

a) да ги идентифицираат емоциите од изразите на лицата и сликите;
b) да генерираат расположение и да решаваат одредени проблеми во тоа расположение;
c) да ги дефинираат причинителите на различни емоции и да ја разберат прогресијата на емоциите;
d) да одредат како најдобро да ги вклучат емоциите во мислењето во ситуации кои се однесуваат на нив самите или на други луѓе.

• СОЦИЈАЛНО-ЕМОЦИОНАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

Претходното засебно зборувавме за социјалната интелигенција и за емоционалната интелигенција, со цел да се увиде нивната поврзаност, дури и за време на опишувањето на секоја посебно, нивната поделба и истражувањата како на засебни конструкти. Проблемот кој се појавил со истакнувањето на социјалната интелигенција како засебна бил затоа што таа била опишана многу опширно, не била доволно конкретизирана, што се сметало дека

[43] Mayer, J. D. (2002). MSCEIT: Mayer-Salovey-Caruso emotional intelligence test. *Toronto, Canada: Multi-Health Systems*.

се поклопува со општата интелигенција. Додека, емоционалната интелигенција го немала тој проблем бидејќи се ориентирала кон чувствата, со што немало поклопување со општата интелигенција.[44] Поради конфузијата околу социјалната интелигенција, истражувачите почнале да се концентрираат на влијанието на емоциите во животните ситуации. Во средината на 1900-тите, големите корпорации почнале да препознаваат дека ефективноста на работниците била многу зависна од нивните меѓучовечки способности и емоционални компетенции, фактори кои не се мерат на IQ тестовите.[45]

Современиот поим за емоционална интелигенција (EQ) произлегол од конструкција на социјалната интелигенција (SI), а со тоа и раните дефиниции за социјалната интелигенција влијаеле на начинот на кој подоцна била конципирана емоционалната интелигенција. Современите теоретичари како Питер Саловеј и Џон Мајер првично ја гледале емоционалната интелигенција како дел од социјалната интелигенција,[46] со што се заклучува дека и двата концепта се поврзани и, најверојатно, може да претставуваат меѓусебно поврзани компоненти на истиот конструкт. Според нив, емоционалната интелигенција е "вид на социјална интелигенција која вклучува способност за да ги следиме сопствените и туѓите емоции, да правиме разлика меѓу нив и да ги користиме информациите за водење/насочување на нечие размислување и дејствување".

Вештините што се сметаат како дел од емоционалната интелигенција најчесто се групирани заедно со социјалната интелигенција. Социјалната интелигенција била дефинирана како „способност да ги разбереме и да управуваме со луѓето",[47] а за да можеме да управуваме со другите мораме доволно да се познаваме себеси и нашите емоции (да се разбереме и да управуваме со себе), односно да бидеме емоционално интелигентни. Па така, емоционалната интелигенција е поврзана и со академскиот успех,[48]

---

[44] John d. Mayer, Peter Salovey (1993). The Intelligence of Emotional Intelligence. *Intelligence* 17, 433-442;

[45] Cherniss, C. (2000). *Emotional intelligence: What it is and why it matters* (p. 15). Rutgers University, Graduate School of Applied and Professional Psychology.

[46] Salovey, P., & Mayer, J. D. (1990). Emotional intelligence. *Imagination, cognition and personality*, *9*(3),p. 189

[47]Thorndike, R. L., & Stein, S. (1937). An evaluation of the attempts to measure social intelligence. *Psychological Bulletin*, *34*(5), 275.

[48] Brackett, M. A., & Salovey, P. (2006). Measuring emotional intelligence with the Mayer-Salovery-Caruso emotional intelligence test (MSCEIT). *Psicothema*, *18*, 34-41.

со социјални вештини, а особено со меѓучовечките односи како бракот или пријателството.[49]

Речиси во исто време кога почнале да се истражуваат различни начини за опишување, дефинирање и проценка на социјалната интелигенција, научните истражувања во оваа област почнале да се фокусираат на алекситимијата.[50] Терминот алекситимија (преведено од грчки значи „немање зборови за чувствата“) е воведен за да се однесува на психијатриски пациенти кои се неспособни да ги проценат, а потоа вербално да ги изразат своите емоции. Со истражувањата се дознало дека тоа се должи на блокирање на импулсите од десната до левата хемисфера на *corpus callosum* или до исклучување помеѓу лимбичкиот системи и повисоките кортикални активности.[51] Тоа ја докажува поврзаноста на афектото со мислата и ја претставува суштината на емоционално-социјалната интелигенција, со тоа што се фокусира на способноста (или подобро кажано неспособноста) да се препознаат, разберат и опишуваат емоциите кај луѓето.[52]

Литературата и засебните истражувања откриле различни обиди за комбинирање на емоционалните и социјалните компоненти на овој конструкт. На пример, Хауард Гарднер (1983) објаснува дека неговата концептуализација на персоналната интелигенција се заснова на интраперсонална (емоционална) интелигенција и интерперсонална (социјална) интелигенција. Дополнително, Каролин Саарни (1990) ја опишува емоционалната компетентност како збир на осум меѓусебно поврзани емоционални и социјални вештини. Понатаму, се докажало дека социјално- емоционалната интелигенција е составена од голем број интраперсонални и интерперсонални компетенции и вештини кои се комбинираат за да го одредат човековото однесување (1988, 1997b, 2000). Врз основа на горенаведеното, Бар-Он заклучил дека поправилно би било ако овој конструкт се нарече „социјално-емоционална интелигенција“ наместо „емоционална интелигенција“ или „социјална интелигенција“, како што предложувал претходно (2000).[53]

---

[49] Schutte, N. S., Malouff, J. M., Bobik, C., Coston, T. D., Greeson, C., Jedlicka, C., ... & Wendorf, G. (2001). Emotional intelligence and interpersonal relations. *The Journal of social psychology*, *141*(4), 523-536.
[50] MacLean, 1949; Ruesch, 1948.
[51] MacLean, 1949; Ten Houten, Hoppe, Bogen & Walter, 1986
[52] Двете нови насоки кои паралелно еволуирале од алекситимијата се: психолошкиот ум (Appelbaum, 1973) и емоционалната свест (Lane & Schwartz, 1987).
[53] Bar-On, R. (2006). The BarOn Model of Social and Emotional Intelligence (ESI). *Psicothema*, 18 , supl., 13-25;

Големан (2006), осврнувајќи се на неговото претходно тврдење за важноста на емоционатана интелигенција, после истражувањата на компонентите, изјавил дека емоционалната интелигенција и социјалната интелигенција се поврзани и влијаат една на друга. Тие не можат меѓусебно да се исклучуваат.

Од времето на Торндајк (1920) па натаму, се појавувале различни концептуализации на социјално-емоционалната интелигенција кои создавале интересна мешавина на конфузија, контроверзии и можности во однос на најдобриот пристап за дефинирање и мерење на оваа конструкција. Во обидот да се разјасни ситуацијата, во "енциклопедијата на применета психологија",[54] се сугерирало дека постојат три главни концептуални модели:

(а) Моделот на Саловеј и Мајер[55] ја дефинира оваа конструкција како способност за перцепција, разбирање, управување и користење на емоциите за да го олесни размислувањето, мерено со мерка заснована на способност;[56]

(б) Големановиот модел (1998) ја разбира оваа конструкција како широк спектар на компетенции и вештини кои ги поттикнуваат менаџерските перформанси, мерени со проценка од повеќе проценувачи (multi-rater assessment); (Boyatzis et al., 2001)[57]

(в) Бар-Он моделот (1997b, 2000) кој опишува пресек на меѓусебно поврзани емоционални и социјални компетенции, вештини и олеснувачи кои влијаат на интелигентното однесување, мерено со самоизвештај (1997a, 1997b) во рамките на потенцијално проширување на мултимодален пристап вклучувајќи интервју и проценка со повеќе поценувачи (multi-rater assessment). (Bar-On & Handley, 2003a, 2003b).[58]

И Големан и Бар-Он ја опишуваат емоционалната интелигенција како мешан модел. Тие заклучиле дека секој е роден со емоционална интелигенција која му дава потенцијален

---

[54] Spielberger, C. (2004). *Encyclopedia of applied psychology*. Academic press.

[55] Mayer, J. D., & Salovey, P. (1997). What is emotional intelligence? *In P. Salovey & D. J.Sluyter (Eds.), Emotional development and emotional intelligence: Educational implications,* 3-31. New York: Basic Books;

[56] Mayer, J. D. (2002). MSCEIT: Mayer-Salovey-Caruso emotional intelligence test. *Toronto, Canada: Multi-Health Systems*.

[57] Batool, B. F. (2013). Emotional intelligence and effective leadership. *Journal of business studies quarterly*, *4*(3), 84.

[58] ibid

капацитет за развивање на социјални вештини во текот на животот. Односно, капацитетот за учење на таквите вештини е вроден.

Најраниот и најприфатениот модел е мешаниот Бар-Он модел на социјално-емоционална интелигенција. Социјално-емоционална интелигенција според овој модел е пресек на меѓусебно поврзаните емоционални и социјални компетенции, вештини и олеснувачи кои одредуваат колку ефикасно се разбираме и изразуваме себеси, колку ги разбираме другите, се поврзуваме со нив и се справуваме со секојдневните барања. На интраперсонално ниво, тоа значи да бидеме свесни за себе, да ги разбереме своите силни и слаби страни и да ги изразуваме своите чувства и мисли недеструктивно. На интерперсонално ниво, да се биде емоционално и социјално интелигентен ја опфаќа способноста да се биде свесен за емоциите, чувствата и потребите на другите и да се воспостават и одржуваат кооперативни, конструктивни и заемно задоволувачки односи.

Полови разлики во социјално-емоционалната интелигенција

Резултатите во скоровите при мерењето со тестовите за социјално-емоционална интелигенција кај мажите и жените се разликуваат.[59] Жените, за разлика од мажите, генерално имаат подобри резултати на интерперсоналните димензии на скалите за емоционална интелигенција. Тие се посвесни за емоциите, поемпатични се кон другите и се општествено поодговорни. Кај мажите, обратно, некои интраперсонални димензии се повисоки. Како на пр., имаат поголемо самопочитување и самодоверба, подобри механизми за справување, подобри вештини за решавање проблеми и се повеќе се потпираат на себе.

Понатаму, фактот дека жените се посупериорни во однос на мажите во перцепцијата на емоциите, е докажан преку тестовите за невербална перцепција (кои ги вклучуваат емоциите) како што е PONS,[60] како и преку претходно развиените тестови на емоционалната интелигенција.[61] Едно од можните објаснувања за ваквите резултати е дека жените имаат помала моќ во општеството отколку мажите, па затоа мора повнимателно да

[59] Bar-On, R. (2006). *The BarOn Model of Social and Emotional Intelligence (ESI).* Psicothema, 18 , supl., 13-25;

[60] Rosenthal, R. (1979). *The PONS test manual: Profile of nonverbal sensitivity*. Irvington Pub.

[61] Mayer, J. D., & Geher, G. (1996). Emotional intelligence and the identification of emotion. *Intelligence*, *22*(2), 89-113.

ги читаат емоциите.[62] Сепак, жените кои се на помоќни позиции покажуваат поголема емоционална точност. (Hall & Halberstadt, 1994)[63] Ваквите наоди не насочуваат кон заклучокот дека жените, за време на нивната социјализација, обрнуваат повеќе внимание на емоциите, односно тие се биолошки поспремни да извршуваат такви задачи во општеството.

Истражувањето на Мајер и соработниците исто така потврдило дека жените имаат повисоки скорови на тестовина на емоционална интелигенција, за разлика од мажите. Пониската емоционална интелигенција кај мажите води кон неможност за чувствување на емоциите и новно користење за подобро разбирање на ситуациите, а тоа доведува до негативни исходи како што се конзумирање на алкохол, дроги, девијантно однесување и лоши односи со пријателите.[64] Бар-Он напишал дека жените се посвесни за емоциите од мажите, додека мажите се повешти во управувањето и потиснувањето на своите емоции. Тој, исто така, открива дека нема значајни разлики во социјално-емоционалната интелигенција помеѓу различните етнички групи кои биле испитувани во Северна Америка.

Карактерни особини на адолесцентите со висока и ниска социјално-емоционална нтелигенција

Поради значителното влијание на врсниците во периодот на адолесценција, веродостојно е дека тинејџерите со подобри социјални и емоционални вештини би можеле подобро да функционираат во социјалните опкружувања, за разлика од тинејџерите со помалку развиени вештини. Во адолесценцијата се случуваат клучни когнитивни промени кои се поврзани со таквите компетенции, па така тие се поинтелигентни и имаат поголеми можности за идно образование. Исто така, се потврдило дека адолесцентите со повисока самодоверба имаат поголеми шанси за високо образованието, за разлика од другите адолесценти со пониска самодоверба. Притоа, адолесцентите развиваат емоционален

[62] LaFrance, M., & Hecht, M. A. (2000). Gender and smiling: A meta-analysis. *Gender and emotion: Social psychological perspectives*, 118-142.
[63] ibid
[64] Brackett, M. A., Mayer, J. D., & Warner, R. M. (2004). Emotional intelligence and its relation to everyday behaviour. *Personality and Individual differences*, *36*(6), 1387-1402.

капацитет за да се запознаат себеси и својот единствен идентитет во врската со другите. (АПА, 2002)

Адолесцентите со високо ниво на интелигенција, особено на 15-годишна возраст, се пооптимисти за својата иднина во споредба со нивните релативно помалку интелигентни врсници.[65] Било утврдено дека адолесцентите кои имаат подобри вештини за регулирање на социјално-емоционалните компетентни, имаат и подобри односи со своите врсници, за разлика од младите со послаби вештини за регулирање на емоциите. (Rydell, Berlin, i Bohlin, 2003; Spinard i sur, 2006)[66] Исто така, се докажало дека децата и адолесцентите кои се многу повешти во читањето на туѓите емоции имаат повисок социјален статус, за разлика од нивните врсници[67]. Оние млади кои покажале високи способности за невербална комуникација биле емоционално постабилни и повеќе популарни ученици во нивното училиште. (според Goleman, 1997)[68]

Бар-Он открива дека постарите луѓе се поемотивни и социјално поинтелигентни од помладите, а тоа ни дава одредена слобода да заклучиме дека адолесцентите би имале пониска социо-емоционална интелигенција за разлика од повозрасните. Во една студијата (Buckholdt Associates, 2000) [69] ги истражувале резултатите на емоционална интелигенција кај учесниците на возраст од 16 до 80 години. Користејќи го инвентарот на емоционален количник Бар-Он, се открило дека емоционалната интелигенција умерено се зголемува со возраста, по адолесценцијата. На возраст од 16 до 19 години, просечната оценка била 95,3, а на возраст од 40 до 49 години, просечната оценка била 102,7. Овие студии сугерираат дека социјално-емоционалната зрелост што е суштинска, се развива во адолесценцијата, па продолжува да се подобрува во млада и средна зрелост.

---

[65] Nurmi, J. E., & Pulliainen, H. (1991). The changing parent-child relationship, self-esteem, and intelligence as determinants of orientation to the future during early adolescence. *Journal of adolescence*, *14*(1), 35-51.

[66] Grgić, N., Babić Čikeš, A., & Ručević, S. (2014). Emotional intelligence abilities as predictors of prosocial and aggressive behaviour of early adolescent students. *Život i škola: časopis za teoriju i praksu odgoja i obrazovanja*, *60*(32), 43-58.

[67] Hubbard, J. A., & Coie, J. D. (1994). Emotional correlates of social competence in children's peer relationships. *Merrill-Palmer Quarterly (1982-)*, 1-20.

[68]Nowicki Jr, S., & Duke, M. P. (1989). A brief self report form of the cartoon scale of preschool and primary Nowicki-Strickland internal-external control scale. *Educational and psychological measurement*, *49*(1), 205-208.

[69] Wozniak, R. L. (2013). *Risky sexual behaviors in adolescence: their relationship to social-emotional intelligence*. Alfred University.

Како што се проширувале истражувањата за емоциите, невровизуелизацијата станува сè поважна за идентификување на мозочната активност поврзана со афектот. Невропсихолошките истражувања покажале дека разлики во мозочната активност постојат кога се споредуваат поединци со различно ниво на социјално-емоционална интелигенција. Килгор и Јургелун-Тод (2007) спровеле испитување за да ја докажат разликата во мозоците на адолесцентите со ниски и високи скорови. Резултатите покажале дека адолесцентите со ниска социо-емоционална интелигенција имале значително поголема мозочна активација во лимбичкиот и паралимбични системи, кои се примитивни региони и се поврзани со инстинктивните одговори на емоционални дразби- како што се борба или бегство. За разлика од тоа, тинејџерите со висока социо-емоционална интелигенција имале значително поголема активност во левиот церебелум и десниот окципитален лобус, а тоа се областите кои се поврзани со повисоките функции. Ваквите наоди сугерираат дека адолесцентите со супериорна социјално-емоционална интелигенција ќе бидат поспособни за обработување и расудување во емотивни ситуации.

Индикатори на социјално – емоционалната зрелост се: адекватно емоционално реагирање, контрола на однесувањето, доживување на чувството на задоволство и среќа. Исто така, тука спаѓа и негувањето на позитивните емоции спрема другите луѓе од една страна и адекватното социјално реагирање, негувањето на широките социјални контакти, почитување на основните морални норми и вредности од друга страна. Во адолесценцијата, социјално-емоционалната интелигенција е поврзана и со подобри академски достигнувања и пониско ниво на девијантно однесување во училиштата.[70] Во истражувањето за поврзаноста помеѓу емоционалната интелигенција и употребата на цигари и алкохол во доцната адолесценција, резултатите покажале дека емоционалната интелигенција е во негативна корелација со употребата на цигари и алкохол.[71] Тоа потврдува дека високата социјално-емоционална интелигеција, е генерално заштитен

[70] Petrides, K. V., Frederickson, N., & Furnham, A. (2004). The role of trait emotional intelligence in academic performance and deviant behavior at school. *Personality and individual differences*, *36*(2), 277-293.
[71] Unger, J. B., Cruz, T. B., Rohrbach, L. A., Ribisl, K. M., Baezconde-Garbanati, L., Chen, X., ... & Johnson, C. A. (2000). English language use as a risk factor for smoking initiation among Hispanic and Asian American adolescents: evidence for mediation by tobacco-related beliefs and social norms. *Health Psychology*, *19*(5), 403.

фактор за зголемување на ризикот од пушење, со тоа што се зголемува перцепцијата на негативните социјални последици од пушењето.[72]

- **СЕКСУАЛНА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА**

Човекот отсекогаш ја покажувал неговата фасцинација од физичкото и психичкото задоволство, што најчесто будело сексуална несериозност. Како резултат на манифестацијата на сексуалноста, која се сметала за развратна, поединците биле распнувани на столбот на срамот. Луѓето биле поделени на хедонисти и пуританци, а она што е природно и вродено во нас се сметало за грев и било осудувано. Сепак, вродениот животински инстинкт на заведување и уживање во сексуалните игри бил јавно потиснат со векови, за да експлодира како бомба во втората половина на минатиот век, позната како сексуална револуција.[73]

Контроверзноста околу дефинирањето на сексуалноста не може да се избегне, но за да се разбере што се подразбира под овој термин, мора го ја погледнеме историската рамка. Љубовта и сексот биле два засебни феномени, а светот бил направен по мерка на мажите кои многу доминирале во сферите од животот, вклучително и сексот. За мажите, сексот претставувал еден вид на евтино задоволство кој служел за обезбедување потомство и исцрпување на акумулираната енергија. Жените претежно служеле за задоволување на мажите и биле доживувани како „машини за раѓање“. Парадоксот за женската сексуалност, која била истовремено под значителна социјална, а особено религиозна контрола, е во тоа што има многу значајна улога во репродукцијата.

Составен дел од специфичноста на секој човек е, секако, сексуалноста. Развојот на секој човек зависи од задоволувањето на основните човечки потреби, како што се: желбата за контакт, интимност, емоционално изразување, задоволство, нежност и љубов. Сексуалноста се гради преку интеракцијата помеѓу индивидуалните и социјалните структури, а нејзиниот целосен развој е од суштинско значење за индивидуалната, интерперсоналната и социјалната благосостојба.

---

[72] Trinidad, D. R., Unger, J. B., Chou, C. P., & Johnson, C. A. (2004).The protective association of emotional intelligence with psychosocial smoking risk factors for adolescents. *Journal of Personality and Individual Differences,* 36, 945-954.

[73] Кон крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години на минатиот век, младите ширум светот се обединиле под слоганот „ние водиме љубов, а не војна“ и успеале за кратко време да срушат многу општествени табуа.

Единствениот релевантен сексуален орган со кој е поврзана нашата сексуланост е мозокот.[74] Тука започнува процесот на вљубување и одљубување, сакање, желбата за секс и сè во врска со сексуалноста. Тогаш кога ќе се поврзат срцето и душата, доаѓаме до ниво на сексуална интелигенција, а тогаш нашата сексуалност ќе биде топла, рационална, емоционална, мудра, привлечна, па дури и трајна.

Ставот за сексот почнува да се формира уште во детството, односно во голема мера е одреден од воспитувањето, ставот на родителите како и начинот на кој сме учени и информирани за него. Сексуалноста се развива во зависност од тоа како родителите или блиските луѓе ги задоволувале нашите потреби кога сме биле деца- потреба за контакт, интимност, нежност, верност, љубов. Подоцна, се откриваме себе низ сопстевните искуства и сфаќаме што ни годи и што сакаме.

Сексуалноста е многу повеќе од она што се случува во кревет, помеѓу двајца луѓе. Кога зборуваме за сексуалноста, дискусиите не водат кон тоа како луѓето се изразуваат, за нивната мажественост или женственост. Сексуалноста се однесува на сексуалниот идентитет и сексуалните чувства на поединецот и за да се биде успешен во сексот треба да се биде и сексуално интелигентен- заклучува проф.д-р Јездимир Здравковиќ.

Што претставува сексуалната интелегенција?

Сексуална интелигенција е поим кој е претставен на јавноста од страна на Шири Конрад и Мајкл Милбурн,[75] американски психолози од универзитетот во Бостон. Под поимот сексуална интелигенција (SQ) се подразбира читање на намерите и желбите на партнерот врз основа на изгледот, гласот, мирисот, гестовите, мимиките и брзото прилагодување. Проф. Др Јован Мариќ пишува дека

> Сексуална интелигенција е збир од рационалната, емоционалната и духовната интелигенција, што значи треба да ги развиваме сите девет нивоа на интелигенција, а не да ги нагласуваме секс атрибутите (за секого релативни), бројот на партнери и промискуитетноста. […] многу важно е да бидеш паметен и во оваа област, затоа што сексот е клуч на успехот или пропаѓањето на една врска, љубов, брак [...] умеењето да се чита однесувањето на партнерот влијае на успешноста во кревет- добар секс е 20,30% од

[74] За другите органи кои се поврзани со сексуалноста, се смета дека се само помагала.
[75] Conrad, S. D., & Milburn, M. A. (2001). *Sexual Intelligence: The Groundbreaking Study that Shows You how to Boost Your'sex IQ'and Gain Greater Sexual Sastisfaction*. Bantam Books.

успешноста на врската, бракот, а неуспехот во кревет е 90% од пропаѓањето на заедницата.[76]

Постојат голем број истражувања за секуалното задоволство[77] во кои се проценува дека 80% од брачните конфликти и несогласувања се должат токму на недостатокот на сексуално задоволство меѓу мажот и жената. Исто така, докажано е дека сексуалното задоволство е физиолошка потреба која доведува до здрава личност. Додека, сексуалното незадоволство е причина за многу психолошки нарушувања и причина за зголемената стапка на изневерувања и разводи. Отсуството на сексуално задоволство предизвикува физички и психолошки стрес, кои ќе го нарушат здравјето на поединецот и ќе ги намалат неговите способности и креативност.[78] Од друга страна, брачното задоволство бара големи напори од страна на брачните другар, кои навистина треба да се вложат и да придонесуваат за успех во бракот.[79]

Да се биде сексуално интелигентен не зависи од убавината, вродениот сексапил или среќата, туку од вештините кои ги поседува личноста, кои во текот на животот се развиваат и усовршуваат. Трите базични компоненти на сексуалната интелигенција се: сексуално сознание, свест за тајното сексуално битие и способност за поврзување.[80]

Според проф.д-р Јован Мариќ постојат 3 нивоа на сексуална интелигенција (SQ) и тоа:

- Луѓето со висок SQ се тие кои сметаат дека сексот и сексуалните односи се сложени и дека е потребна отвореност и искреност за уживање и сексуално задоволство;

---

[76] Тој оваа диспропорција ја објаснува со тоа што сексуланоста ја смета како дел од партнерските односи, која открива и некои други проблеми кои не мора да бидат поврзани со самата сексуалност.

[77] SHAFI, A. A., Honarparvaran, N., Tabrizi, M., & NAVABI, N. S. (2010). Efficacy of emotion-focused couple therapy training with regard to increasing sexual satisfaction among, couples.

[78] Karimi, A., Dadgar, S., Afiat, M., & Rahimi, N. (2013). The effect of sexual health education on couples' sexual satisfaction. *The Iranian Journal of Obstetrics, Gynecology and Infertility*, *15*(42), 23-30.

[79] Rahmati, R., & Mohebbi-Dehnavi, Z. (2018). The relationship between spiritual and emotional intelligence and sexual satisfaction of married women. *Journal of education and health promotion*, *7*.

[80]Татјана Алексиќ, 2021 https://covekotpredse.mk/%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%83%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%B8%D0%B3%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/

- Тие со среден SQ се свесни дека сексот и сексуалните односи се многу сложени. Сепак, дозволуваат некои кочници или недостатокот на самодоверба да ги спречи во развивањето на позитивен став спрема оваа сфера од нивниот живот;
- И конечно, личноста со низок SQ има проблеми со самодовербата и комуникацијата, кои ја спречуваат да ужива во сексот и сексуалните односи. Со работа на себе и градење на самодовербата на генерален план, со опуштање и отвореност кон партнерот, се постигнуваат добри резултати. Во исто време, потребно е од партнерот да го побара тоа што го сака без срамење, со што ќе му се даде до знаење дека и тој треба да биде искрен и да каже што нему му одговара. Сето тоа се постигнува со добро изграден идентитет, добри комуникациски способности и емпатија.

Според проф.д-р Јездимир Здравковиќ постојат 5 нивоа на сексуална интелигенција (SQ):

1. **Сексуално неинтелигентни личности**

За ваквите личности сексот е табу тема. Овие луѓе поседуваат многу малку знаење за сексуалноста, а некои од нив воопшто го немаат. Нивната свест за сексот се буди само за време на односот со партнерот, кој служи за празнење на натрупената енергија. Не поседуваат сексуална асертивност или способност да го искажат отворено сопственото мислење,а тоа им оневозможува да ги бранат сопствените легални сексуални и други права. Во зависност од карактерот и стекнатите навики, таквите личности најчесто реагираат агресивно во конфликтни ситуации.

2. **Сексуално недоволно интелигентни личности**

Тие не успеваат да се изборат со проблемите во сексот, најчесто поради тоа што се конзервативни и нивната комуникацијата за сексот е сведена на минимум. Нивните знаења за природата на сексуалноста се делумни и сиромашни, вклучувајќи голем број на предрасуди. Таквата недоволна сексуална интелигентност доведува до многу ретки експериментирања во кревет.

3. **Сексуално просечно интелигентни личности**

Кај нив постои склоност кон сексуално експериментирање, но брзо се навраќаат на постоечките образци. За време на предиграта и самиот сексуалниот однос, обраќаат внимание и на задоволувањето на потребите на партнерот. Иако поседуваат релативно добри знаења за природата на сексуалноста, сепак имаат задржано некои тврди предрасуди. Постои комуникаци со партнерот во кревет, а и надвор, но постои тенденција да се задржат класичните сексуални улоги.

4. **Сексулано натпросечно интелигентни личности**

Очигледна е сексуалната отвореност и образованост, во врската присутна е и честа директна комуникација за сексот со партнерот. Овие личности се однесуваат асертивно, дури и во многу проблематични и кризни сексуални ситуации. Склони се кон експериментирање и успешно ги решаваат личните и сексуалните проблеми, како и конфликтните ситуации во врската со партнерот.

5. **Сексуални гении**

На темата сексуалност тие се безрезервно отворени, иновативни и креативни. Нивното знаење за сексот е на ниво на експерт. Тие лесно воспоставуваат блискост и ги препознаваат чувствата и желбите на партнерот. Се мисли дека таквите сексуални гении имаат природна дарба за креативна комуникација со партнерот во сите, а не само во сексуалните ситуации. Избегнуваат стереотипи, внесуваат креативни елементи во сексуалната игра и лесно ги решаваат проблемите со сексуалното функционирање. Имаат полн увид во сопствената сексуалност и го имаат изградено својот сексуален иденитет, а тоа ги прави апсолутно отворени и желни за поголеми сексуални усовршувања.

Авторот на книгата *Сексуална интелигенција*- проф.д-р Јездимир Здравковиќ,[81] објаснува дека сексуалната интелигенција е многу повеќе од задоволувачките ерекции на машкиот полов орган и оргазмите на жената. Всушност, тој вели дека сексуалната интелигенција може да се дефинира и како способност и како вештина на човекот, која му овозможува максимално да ужива во сексуалниот живот.

[81] Jezdimir Zdravković (2006). Seksualna IQ. *Društvo bihevioralne terapije i prakse:Stubovi kulture*

Сексуално интелигентните луѓе можат да ги проценат луѓето и нивните потенцијали, добро умеат да ги соопштат своите сексуални потреби, а воедно и да ги разбираат потребите, очекувањата и желбите на партнерот. Тие умеат да ја употребуваат интуицијата во сите фази од љубовната игра, а исто така, знаат да создадат како да постапат кога сакаат некого да заведат. Сексуално интелигентните луѓе напредуваат, не се врзуваат за нешто базично и фундаментално, немаат предрасуди и не осудуваат, не се занимаваат со туѓата интимност, а својата и партнерската ја чуваат. Пред да започнат нова врска се запрашуваат дали тоа ново искуство би ги направило да се чувствуваат посреќни и позадоволни, или можеби ќе се коси со нивните лични потреби. Без себеспознавање и откривање на своето сексуално битие, не можеме да развиваме пат кон автентично водење љубов со партнерот како сексуално интелигентни битија.

Врз основа на искуството и конечната средба со сопствените желби, експертите откриле дека најзадоволната популација со својот сексуален живот е таа над 40та година и меѓу нив има најмногу сексуално интелигентни луѓе. Луѓето во таа доба, според истражувањата, повеќе не се срамат од сопственото тело, не се грижат за непотребните детали, туку се фокусираат на задоволството, а страстите ги изразуваат без кочници. Исто така, (редовната) сексуалната активни овозможува луѓето полесно да се соочат со староста.

Шири Конрад и Мајкл Милбурн, автори на книгата *Сексуална интелигенција,*[82] после добиените резултати од нивните истражувања останале вчудоневидени. Се покажало дека и после триесет години од сексуалната револуција, повеќето луѓе се подеднакво збунето во однос на тоа како да постигнат сексуално задоволство. Иако 75% од Американците тврдат дека сексуалниот живот им е важен, само 25% од нив изјавиле дека воопшто го имаат. Огромен број на луѓе патат од хронични сексуални пореметувања, како што се: недостаток на желба, неспособност за постигнување на оргазам, импотенција. Сексуалните проблеми не ги вклучуваат само луѓето кои се средновечни или паровите кои се 20 години во брак, туку напротив, многу повеќе се застапени помеѓу младата популација. Несигурноста и стравот дали некому ќе му изгледаме чудно, неупатено или пак премногу упатено, ги блокира и потиснува потенцијалите и страста која можеби ја

[82] Conrad, S. D., & Milburn, M. A. (2001). *Sexual Intelligence: The Groundbreaking Study that Shows You how to Boost Your'sex IQ'and Gain Greater Sexual Sastisfaction*. Bantam Books.

носиме во себе. Многу често се случува женската популација, односно младите девојки да имаат лош сексуален живот, а тоа се должи на непријатноста да кажат што им се допаѓа.

Се мисли дека најголема грешка главно прави „примарното семејство“, односно таткото и мајката, кои најчесто не разговараат со децата на тема сексуалност, мислејќи дека тоа е нешто за што не се разговара и дека самото од себе си доаѓа. Адолесцентите кои со родителите отворено разговарале за сексот, учеле преку контактот, разговорот и допирот за понатаму побрзо да можат да го проценат однесувањето на партнерот. Поради тоа што се свесни за намерите на партнерот, тие многу тешко доаѓаат во заблуда или во проблематични ситуации, бидејќи изобилството од информации им овозможува да се заштитат и да уживаат.

Одржувањето на семејната стабилност е најважен принцип, а сексуалното задоволство е важна компонента на семејната стабилност. Нарушувањето во него е закана за опстанокот и стабилноста на семејството. Со зголемување на сексуалното задоволство, паровите напредуваат социјално, културно, академски и професионално. Затоа, свесноста на паровите, особено младите парови, со нивното развивање на емоционална и духовна интелигенција, може да помогне за полесно да си ги задоволат нивните сексуални потреби и односи во врската.

Сексуалната интелигенција во периодот на адолесценција

Како што децата достигнуваат пубертет и почнуваат со сексуален развој, така станува и поблиска релацијата меѓу спротивните половите, односно почести се запознавањата со потенцијални партнери. Сексуалниот интерес е нормална карактеристика на адолесценцијата, а просечната возраст на започнување со состаноци со потелцијални партнери е генерално помеѓу 14 и 16 години. (АПА, 2002) Сепак, ова може да се менува, бидејќи сексуалното созревање со текот на времето се случува малку порано. Поради овие причини, многу од децата се соочуваат со барањата на адолесцентниот период уште пред да бидат емоционално и когнитивно подготвени за нив.

Жените се тие кои физички созреваат порано и имаат поголема веројатност да се вклучат во сексуална активност многу порано за разлика од мажите.[83] Овој феномен може да биде поврзан со неразвиените емоционални способности, односно способноста да ги регулираме сопствените емоции и точно да ги интерпретираме туѓите емоции. Сето тоа може да влијае на комуникацијата и одлуките за побезбеден секс, а тоа како младите ќе успеат да се справат во таквите ситуации зависи од постигнатиот коефициент на сексуална интелигенција. Адолесцентите кои имаат повисока социјално-емоционална интелигенција, ќе имаат помали шанси за ризично сексуално однесување, а тоа значи дека ќе имаат и повисоко ниво на сексуална интелигенција. Па така, адолесцентите кои се и социо-емоционално и сексуално интелигентни ќе имаат подобри преговарачки вештини за употреба на кондоми во сексуалниот акт.[84] За разлика од нив, оние адолесценти кои се неподготвени за социјално-емоционалните средби се со помала веројатност да се вклучат во безбедни сексуални врски. Така, адолесцентите кои сè уште ги развиваат своите социјално-емоционални и когнитивни способности, имаат поголема веројатност да се вклучат во ситуации кои може да ги стави на ризик за бременост и сексуално преносливи болести (СПБ).

Ризичното сексуално однесување (РСО) е најчеста причина за зачестеност на појавата на несакана бременост или заразување со сексуално преносливи болести (СПБ). Голем број од ризичните однесувања, вклучувајќи ги и РСБ, долго време се поврзуваат со адолесценцијата. РСО се дефинирани врз основа на следните четири критериуми:

1. Возраста при првиот сексуален однос.[85] Се откриле дека жените кои ја губат својата невиност на возраст од 10 до 14 години се со 1,7 пати поголема веројатност да имаат или имале СПБ, за разлика од оние кои првпат имале секс на возраст од 17 години или постари;[86]

---

[83] Deardorff, J., Gonzales, N. A., Christopher, F. S., Roosa, M. W., & Millsap, R. E. (2005). Early puberty and adolescent pregnancy: the influence of alcohol use. *Pediatrics*, *116*(6), 1451-1456.

[84] Gebhardt, W. A., Kuyper, L., & Dusseldorp, E. (2006). Condom use at first intercourse with a new partner in female adolescents and young adults: The role of cognitive planning and motives for having sex. *Archives of sexual behavior*, *35*, 213-219.

[85] Bryan, A., & Stallings, M. C. (2002). A case control study of adolescent risky sexual behavior and its relationship to personality dimensions, conduct disorder, and substance use. *Journal of Youth and Adolescence*, *31*, 387-396.

[86] Greenberg, J., Magder, L., & Aral, S. (1992). Age at first coitus: A marker for risky sexual behavior in women. *Sexually transmitted diseases*, 331-334.

2. Употребата на контрацепција: Заштитениот однос е од суштинско значење за спречување на бременост и СПБ. Оние адолесценти кои значително не користат контрацептивни средства (кондоми, апчиња за контрацепција итн.) се предиспонирани за штетни последици;[87]

3. Бројот на сексуални партнери, односно, колку е поголем бројот на сексуални партнери, толку е поголема веројатноста за зачнување или за инфицирање со СПБ;[88]

4. Фреквенцијата на сексуални средби или зачестеноста на сексуално однесување, кое го зголемува ризикот од несакана бременост и заразување со СПБ.[89]

И покрај сите ризици, сексуалното однесување останува да биде распространето кај тинејџерите. Националните податоци проценуваат дека речиси 48% од сите тинејџери имале сексуални односи, а кај 7% од нив искуствата биле пред 13-годишна возраст и скоро 39% од нив не користеле кондоми при средбата.

Идентификувани се некои еколошки и демографски фактори кои можат да предвидат или служат како заштитни променливи за РСО, а тоа се: академски достигнувања и нивото на интелигенција, употреба на алкохол и/или супстанци, деликвентно однесување, образование на родителите, структура на семејството и степен на религиозност. Адолесцентите кои ја одложуваат сексуалната активност имаат подобри академски постигнувања, помалку проблематични однесувања, посилен семеен статус и најчесто се порелигиозни.

Сексуалните дисфункции се сеприсутни и многу е тешко да се истражува за нив. Една од ретките во Македонија која има магистерска на тема “Сексуални дисфункции” е проф.д-р Славица Арсова, која заедно со проф.д-р Викторија Вујовиќ биле дел од тимот на емисијата “Сексуална азбука” во 2011 година. Тие пишуваат дека

[87] Bryan, A., & Stallings, M. C. (2002). A case control study of adolescent risky sexual behavior and its relationship to personality dimensions, conduct disorder, and substance use. *Journal of Youth and Adolescence*, *31*, 387-396.
[88] Sienbenbruner, J., Zimmer-Gembeck, M. J., & Egeland, B. (2007). Sexual partners and contraceptive use: A 16-year prospective study predicting abstinence and risk behaviour. *Journal of Research on Adolescence*, *17*(1), 179-206.
[89] Ibid (87 citation)

сексуалноста има разорна сила, затоа многу внимателно треба да се зборува отворено во јавноста, особено затоа што децата сакаат да ги имитираат возрасните и славните.[90] Секако, не треба и да не се оди во крајности, како во 13 век кога жените биле казнувани заради својата сексуалност. Католичката црква од Европа, почнувајќи од Германија па се до најлибералните Швеѓани, правеле масовен геноцид врз жените во средниот век, а сега во новиот милениум пак истите претеруваат со воведување предлог закони за јавно водење љубов во парк, секс со животни и слични сексуални пореметувања.

Програми за сексуално образование

Уште од 1980 година, образовните одбори имплементирале три форми на сексуално образование,[91] а до 2002 година 95% од државните училишта имале воспоставено барем една од овие програми. Првично, биле развиени програми само за апстиненција (1981г.), како резултат на Законот за семеен живот на адолесценти кој се обидуваше да спречи бременост кај тинејџерите. Седум години подоцна, била развиена втора форма на сексуално образование. Центрите за контрола и превенција на болести почнале да финансираат едукации за ХИВ/СИДА како одговор на растечкиот број на лица заразени со таквите вируси.

Неодамна, повеќето од училиштата (58%) имаат имплементирано сеопфатен пристап кон сексуалното образование кој ги вклучува и двете форми на сексуално обраование (за апстиненција и контрацепција). Основачите на овој пристап се плашеле од конзервативните родители и воспитувачите кои верувале дека обезбедувањето сексуални информации на адолесцентите ќе резултира со зголемен ангажман во сексуално однесување. Понатаму, адолесцентите кои имаат деца имаат помала веројатност да дипломираат и имаат поголема веројатност да бараат помош од социјалните установи.[92]

На нашите простори, во 2011 година се емитуваше емисијата „Сексуална азбука“. Таа емисија имаше едукативен карактер и целта беше да ги сруши табуата поврзани со сексот и партнерствата, да ги побие митовите што се присутни на Интернет и да ги едуцира младите. Емисијата траеше точно 31 епизода, секоја насловена со по една буква од

[90] Сведоци сме на секојдневно „случајно“ објавени клипчиња, видеа, пораки и други вознемирувачки сексуални содржини. Тоа најчесто се интимни фотографии направени од адолесцентки и жени кои ги испраќаат на сексуалните партнер сакајќи да ги провоцираат. Верувањето во социјалните медиуми и довербата во партнерот, доведува до тоа да интимните слики бидат јавно објавувани од различни причини.
[91] Kirby, D. (1994). *Sex education in the schools* (Vol. 3). Henry J. Kaiser Family Foundation.
[92] Bynum, M. S., & Kotchick, B. A. (2006). Mother-adolescent relationship quality and autonomy as predictors of psychosocial adjustment among African American adolescents. *Journal of Child and Family Studies*, *15*, 528-541.

азбуката, а гостуваа стручни лица, психијатри и познати личности. Авторка и водителка беше професорката Татјана Алексиќ, која во 2019 година одржа и предавање на тема сексуална интелигенција.

Во оние земји каде што сексуалното образование е добро развиено, повеќето од младите изјавиле дека училиштата им се важен извор на информации за сексуалноста. Во земјите со целосно развиени и сеопфатни програми, употребата на контрацепција меѓу младите е претежно висока, а стапките на малолетнички раѓања се значително намалени. И обратно, високите стапки на малолетнички раѓања се застапени во сите оние земји каде што сексуалното образование не е доволно развиено или воопшто го нема.[93]

Мерење на сексуалната интелигенција

Милбурн и Конрад сметале дека сексуалната интелигенција може да биде измерена. На таков начин почнало да се зборува за коефициент на сексуална интелигенција на поединецот, односно за сексуална IQ. Коефициентот се одредува со помош на тест. Сепак, оваа тема сеуште е сиромашна со истражувања и тестови, но со рушење на табуата и предрасудите ќе има се поголема потреба од вакви тестови.

Поради недостатокот од тестови, единствен тест кој беше достапен и искористен за ова истражување е тестот од српскиот доктор по психијатрија и сексолог др. Јован Мариќ.[94]

- **РЕЛИГИОЗНОСТ**

Религијата е стара колку и човештвото, а примитивниот човек верувал во тогашните примитивни религии кои биле насочени кон елементите на природата како што се: сонцето, земјата, воздухот, облакот, водата итн. Напредокот на цивилизацијата довел до

[93] Инспирација за изборот на тема за овој труд беше извидничкиот камп за сексуална едукација на млади во Скопје, кој бил одржан во септември, 2021 година. Кампот под наслов „Есенски бакнежи и прегратки, секс скаутс и рок енд рол“ бил наменет за извидниците над 16 годишна возраст организиран од Првиот Скопски Извиднички Одред. Јавноста дозна за кампот откако некое вознемирено девојче им кажало на родителите за вулгарните активности и игри кои таму ги терале да ги прават. Така се заклучи дека таквата “едукација” довела до кршење на малолетничките права и сексуално вознемирување и злоупотребување. Со тоа конзервативните родители кои беа против сексуалната едукација, после овој случај, станаа уште погласни.

[94] Пред една година, за потребите на едно истражување во Иран бил формиран тест за сексуална интелигенција, кој е направен за повозрасна популација (студенти во универзитет во Иран). Студијата беше објавена откако истражувањето за овој труд заврши, па поради тоа тестот не беше прилагоден и искористен за ова истражување.

институционализирани религии, а основните карактеристики на сите религии стануваат се послични. Постои цврста верба во повисоката и невидлива контролна моќ која ја нуди религиозноста, а се повеќе се верува дека религијата претставува психолошка потреба на човештвото.

Во психологијата, религијата се дефинира како збир на сфаќања, верувања, однесувања, обреди и церемонии со чија помош луѓето можат да се стават себеси во однос со Бог. Религиозноста е верување дека постои некој или нешто што е надчовечко или вонземно и кое дава подлабока смисла на живеењето.[95] Религиозноста е таа која обезбедува алтернативни начини за справување со личните проблеми, како и функционални мрежи за поддршка кои се погодни за позитивен раст и развој на личноста. Како таква, религијата се смета како одбрамбен механизам на поединецот во моменти кога се соочува со животни потешкотии, несреќи и слично. Зголемената социјална поддршка кај религиозната личност му дава мотив, поширока перспектива кон конфликтите, и внатрешен извор кога се соочува со стресни настани.[96]

Идеите за поврзаноста на религијата со менталното здравје се промениле во текот на изминатите неколку векови. Во 20 век професионалците за ментално здравје се стремеле да ги негираат религиозните аспекти на човечкиот живот, па така често изјавувале дека оваа димензија е старомодна или патолошка, предвидувајќи дека ќе исчезне со текот на развивањето на човештвото. Сепак, стотици епидемиолошки студии направени во текот на последните децении го покажале спротивното, односно дека религиозноста останува важен аспект од човечкиот живот и најчесто е позитивно поврзана со доброто ментално здравје.

Духовното искуство им помага на луѓето за да го пронајдат спокојот и силата, а духот е тој што ги исполнува нивните потреби. Бог е величен и претставен како поседувач на оние особини кои ние, обичните луѓе, ги немаме. Следбениците на Фројд не погрешиле кога изјавиле дека нашата религија е проектирање на желбите на возрасните деца. Правдата,

[95] Soršak, M. (2000). Validacija upitnika religioznosti.
[96] King, M., & Schafer, W. E. (1992). Religiosity and perceived stress: A community survey. *Sociological Analysis*, *53*(1), 37-47.

љубовта и светоста се смета дека се највисоките квалитети што ги знаеме, а тоа не насочува кон замислување дека Господ е тој кој ги поседува.

Религијата најчесто се однесува на општествено засновани верувања и традиции, кои се поврзани со ритуали и церемонии, додека духовноста генерално се однесува на длабоко вкоренето индивидуално чувство на поврзаност. Односно, духовноста е таа која му дава подобар смисол и целина на животот, заедно со чувството на припадност и прифатеност. Духовноста се изразува преку уметност, поезија, митови, како и религиозна практика. И религијата и духовноста имаат некои заеднички аспекти, односно ја нагласуваат длабочината на значењето и целта во животот. Човекот не мора да биде религиозен за неговиот животот да има смисла, со што би се согласиле атеистите. Меѓутоа, иако некои атеисти можеби не се сметаат себеси за духовни, повеќето не можат да го искоренат целосно тоа од нив. Според тоа, можеме да заклучиме дека духовноста е поинклузивен концепт од религијата.[97]

Релевантните истражувања докажуваат дека религиозноста дава и психолошки и социјални бенефити. Во голем број на истражувања на национални примероци било покажано дека субјективната добросостојба значајно корелира со религиската сигурност. Односно, религиозните искуства даваат смисла на секојдневниот живот, особено во време на големи животни кризи.[98] Религијата служи и за социјални цели, преку давање на колективен идентитет и доверливи социјални мрежи, кои се составени од индивидуи кои делат слични однесувања и вредности.[99] Авторот Haugh (1998), кој пишувал за религиозноста, укажува на 4 димензии преку кои спиритуалноста влијае врз функционирањето на луѓето:

1. **Когнитивна димензија**–Се интерпретира сопствениот живот преку духовноста, се прифаќа минатото, се цени сегашноста и се гледање низ призмата на надежта кон иднината.

[97] Dein, S., Cook, C. C., Powell, A., & Eagger, S. (2010). Religion, spirituality and mental health. *The psychiatrist*, *34*(2), 63-64.
[98] McIntosh, D. N., Silver, R. C., & Wortman, C. B. (1993). Religion's role in adjustment to a negative life event: coping with the loss of a child. *Journal of personality and social psychology*, *65*(4), 812.
[99] Taylor, R. J., & Chatters, L. M. (1988). Church members as a source of informal social support. *Review of religious research*, 193-203.

2. **Бихејвиорална димензија** –Религиозните ритуали и обреди придонесуваат за индивидуата да почне се гледа себеси, другите и заедницата.
3. **Афективна димензија** – Духовноста односно религиозноста буди надеж, љубов, грижа и сигурност.
4. **Развојна димензија** – која знали поддржување на религиозноста и духовноста низ животот, начинот на кој индивидуите ги интегрираат животните искуства и лекции.

Религиското справување не упатува на когнитивен и бихејвиорален напор за да можеме да ја редуцираме, отстраниме или толерираме внатрешната или надворешната ситуација која ги надминува нашите капацитетите, односно ресурси. Преку религиозните справувања се користат религиски верувања и однесувања со цел да се дојде до решение на одреден проблем, да се спречат или уништат негативни последици од стресни животни ситуации.[100] Луѓето најчесто се насочуваат кон религијата за време на стрес, а особено во екстремни случаи на анксиозност или закана. Според Кенет Паргамент, професор по психологија, религијата има повеќе цели во секојдневниот живот, особено во периодите на кризи. Тој во 2000та година идентификувал 5 клучни функции на религијата, соодветно на начинот на кој се пристапува кон неа:

1. **Значење/Смисла** – Религијата има важна улога во потрагата по значење и смисла на живеењето,особено во периоди на тешки животни ситуации, каде таа нуди соодветна рамка за нивно разбирање и интерпретација.
2. **Контрола**– Во ситуации кога луѓето се соочуваат со настани кои ги надминуваат нивните капацитети, религијата е таа која им нуди методи за враќање на чувството на моќ и контрола.
3. **Удобност/Духовност** – Во светот каде што гледаме дека катастрофа може да се случи во било кое време, религијата има улога да ја редуцира анксиозноста. Основа на религијата е всушност духовноста и желбата за поврзување со сила која е над индивидуата.
4. **Интимност/Духовност** – Религиозноста е механизам кој овозможува култивација на социјалната солидарност и социјалниот идентитет. Интимноста со другите се

[100] Pergament, K. I. (1997). The psychology of religion and coping. *Theory, research, practice*.

поттикнува преку различни духовни методи, како што е нудењето на духовна поддршка на другите луѓе и добивање на истата од нив.

5. **Трансформација**– Иако традиционално религијата се гледа како конзервативна, која им помага на луѓето да одржат смисла, контрола, интимност и блискост со Бог, таа исто така игра важна улога во модификација на животот на луѓето. Тоа се достигнува преку наоѓање на ново значење на живеењето.

Потребно е да се одреди позитивната мисла која религијата ја дава во животот на луѓето, која помага да се чувствуваат понадежни и посигурни за својата иднина. Сето тоа придонесува за помалку страв и вознемиреност од секојдневните случувања. Токму на оваа тема, авторите Динер и Бисвас (2011) во својата книга[101] ги откриваат клучните состојки за среќа кои се силно поврзани со религиозноста. Тоа се охрабрувањето за верување (верување во живот после смртта), социјалната поддршка од религиозната заедница (историјата на религијата, која се споделува со многу луѓе, му дава значење на животот), религиското образование (растење на деца со религиски верувања и посетување на религиски објекти што се поврзува со среќа, па дури и да не е религиозно детето кога ќе порасне) и религиските ритуали (религиски обреди, звуци, икони кои го прават подлабоко религиозното искуство).

Киркпатрик (2005) предложил систем на приврзаност каде религиозните верувања би можеле да се конципираат,[102] а воедно ќе обезбеди сигурност и безбедност во време на неволји. Тој објаснува дека верниците доживуваат лична љубов кон Бога (или некој друг натприроден ентитет), чија сеприсутност служи како безбедно засолниште. Постојат два модели кои ги поврзуваат религиозноста и приврзаноста.[103]

- Според првиот, модел на компензација, се верува дека луѓето се обраќаат кон Бога како фигура на приврзаност. Тоа се случува кога доживуваат загуба поради разделба, смрт на најблиските или во други тешки околности.

[101] Diener, E., & Biswas-Diener, R. (2011). Happiness: Unlocking the mysteries of psychological wealth. John Wiley & Sons.
[102] Bowlby, R. (1980). Medicine and Religion: Chaplains are different. *British Medical Journal*, *281*(6256), 1689.
[103] Granqvist, P., Mikulincer, M., & Shaver, P. R. (2010). Religion as attachment: Normative processes and individual differences. *Personality and Social Psychology Review*, *14*(1), 49-59.

- Според вториот, модел на кореспонденција, луѓето го градат истиот систем на приврзаност со Бога, како што го имаат со нивните блиски други. Односно, по моделот по кој се водат за градење на односите со блиските, го градат и овој однос.

Според психологот од Харвард, Гордон Олпорт, религиозната ориентација на личноста може да биде интринзична и/или екстринзична:

- Екстринзичната(надворешна) ориентација

Лицата со оваа ориентација се склони да ја користат религијата за сопствени цели. Тие сметаат дека религијата е корисна затоа што со неа можат да си обезбедат некаква сигурност и утеха, исто така, таа може да им обезбеди социјализација и дистракција, постигнување на одреден статус во општеството и себеоправдување. Прифаќањето на верата лесно се одржува или селективно се обликува за да одговара на примарните потреби на личноста.[104]

- Интринзична (внатрешна) ориентација

Лицата со оваа ориентација својот главен мотив го наоѓаат во религијата. Другите потреби, колку и да се силни, се сметаат за помалку значајни и, колку што е можно, тие се во склад со религиозните верувања и прописи. Откако ја прифатил верата, поединецот се труди да ја интернализира и целосно да ја следи.[105] Обично, внатрешната ориентација е поврзана со поздрава личност и ментален статус, додека надворешната ориентација е поврзана со спротивното.

Екстринзичната религиозност е поврзана со догматизам и предрасуди,[106] страв од смрт и анксиозност.[107]

Локусот на контрола е израз кој произлегува од теоријата на социјално учење и се обидува да разбере зошто луѓето се справуваат на различни начини, дури и кога се соочуваат со

---

[104] Moreira-Almeida, A., Lotufo Neto, F., & Koenig, H. G. (2006). Religiousness and mental health: a review. *Brazilian Journal of Psychiatry*, *28*, 242-250.

[105] ibid

[106] Раните наоди покажале дека интринзично ориентираните луѓе кон религијата имале повеќе предрасуди од екстринзично ориентираните. (Bailey CM,1997)

[107] Луѓето кои се интринзично религиозни биле со пониска анксиозност, додека повисоко ниво на анксиозност биле пронајдени кај оние кои биле екстринзично ориентирани кон религиозноста. (Bailey CM,1997)

ист проблем. Внатрешниот локус на контрола обично е поврзан со благосостојбата, а надворешниот со депресија и анксиозност. Религиозното верување може да фаворизира внатрешен локус на контрола со влијание врз менталното здравје.[108]

Религиозноста е негативно поврзана со депресијата,[109] високо позитивно поврзана со субјективната добросостојба,[110] како и со позитивните социјални однесувања.[111] Социјалната поддршка преку религиозните групи многу им помага на верниците за полесна контрола на стресот, страдањето и тагата, намалувајќи го влијанието на анксиозноста и другите емоции, преку одредени исповеди, литургии, благослови, молитви кои ја смируваат личноста и на некој начин наликуваат на медитација.[112]

Гартнер, Ларсон и Ален направиле преглед на литературата и пронашле бројни варијабли кои имаат позитивни корелации со религиозноста. Од физичкото здравје, религиозноста била поврзана со намаленото пушење и конзумирање алкохол. Исто така, религијата позитивно влијаела кај луѓето со срцеви заболувања и проблеми со крвниот притисок.[113] Стапките на самоубиства постојано се во негативна корелација со религиозноста. Интересно откритие било дека посетувањето на црква се покажало како главен фактор за спречување на самоубиствата,[114] дури и повеќе од вработувањето.

Повеќето религии пропишуваат или забрануваат однесувања што можат да влијаат на здравјето. Библиските учења, пред 3000 години, за исхраната, начините за контрола над тоа што се јаде, чистењето и чистотата, сексуалното однесување, биле важни за спречување на болести. Денес, религиите инсистираат на ден во неделата што е значаен за верниците на кој нема да се работи, само за да се воведе ден за одмор, умереноста во јадењето и пиењето, постењето, мирните односи со партнери и роднини, се доктрини кои

---

[108] Moreira-Almeida, A., Lotufo Neto, F., & Koenig, H. G. (2006). Religiousness and mental health: a review. *Brazilian Journal of Psychiatry*, *28*, 242-250.
[109] McCullough, M. E., & Larson, D. B. (1999). Religion and depression: A review of the literature. *Twin Research and Human Genetics*, *2*(2), 126-136.
[110] G. Koenig, H., & Larson, D. B. (2001). Religion and mental health: Evidence for an association. *International review of psychiatry*, *13*(2), 67-78.
[111] BATSON, C.D. and Schoenrade, P.A., and Ventis, W.L. (1993). Religion and the individual, New York/Oxford: Oxford University Press.
[112] Ibid (citation 108)
[113] Bailey, C. M. (1997). The effects of religion on mental health: Implications for Seventh-Day Adventists. In *20th International Faith and Learning Seminar, California, USA*.
[114] Една голема студија (Comstock & Partridge 1972) сугерирала дека религиозните луѓе се поздрави и помалку самоубиствени од нерелигиозните луѓе.

можат да бидат корисни и за современи здравствени проблеми (поврзани со стрес, конкуренција, индивидуализам, нарцизам, гнев, срам итн.).

Сепак, многу застарени ритуали и системи на верување може да го инхибираат позитивниот раст и да доведат до ментални нарушувања.[115] Овде се судруваат религијата и психијатријата, за кои се смета дека отсекогаш биле во конфликт. Во средниот век повеќето ментални нарушувања се сметале за вештерство или демонско опседнување. Добар клинички пример е истражувањето на Торесен и сорабоотниците (Thoresen et al.), кои откриле дека, покрај верските практиките што го подобруваат здравјето, има некои што предизвикуваат здравствените проблеми. Посетите на црквата во одреден временски период може да го зголемат ризикот од опасност и несреќи. Забраната за вакцини, лекови или трансфузија на крв, ендогамни бракови, насилство врз неверници, ракување со отровни змии, начинот на постапување со мртвите тела, се дел од верските практики кои можат да донесат здравствени проблеми.[116]

Многу пациенти ја користат религијата за да се справат со медицинските и немедицинските проблеми преку метод на религиозното справување, кое може да биде позитивно или негативно. Позитивното религиозно справување е поврзано со добри здравствени резултати, а негативното религиозно справување со спротивното. Позитивното религиозно справување вклучува однесувања како што се: обид да се најде поука од Бог во стресните настани, да се прави она што може да се направи и да се остави остатокот во Божји раце, барајќи помош од религијата за да се најде нов правец за живеење кога стариот можеби веќе нема да биде остварлив и да се обезбеди духовна поддршка и утеха од другите. Негативното религиозно справување вклучува пасивно чекање Бог да ја контролира ситуацијата, редефинирање на стресот како казна од Бога или како чин на ѓаволот и преиспитување на Божјата љубов.[117]

Прекумерната сексуална активност е осудувана од повеќето религии, а тоа кај многумина може да предизвика силно чувство на вина или вознемиреност. Секакво прекршување на верските ритуали, без разлика дали е намерно или ненамерно, може да предизвика

---

[115] Agarwal, A. K. (1989). Religion and mental health. *Indian Journal of Psychiatry*, *31*(3), 185.
[116] Moreira-Almeida, A., Lotufo Neto, F., & Koenig, H. G. (2006). Religiousness and mental health: a review. *Brazilian Journal of Psychiatry*, *28*, 242-250.
[117] ibid

значителна вознемиреност. Религијата е таа која треба да ја исполни потребата поради која е создадена, па според тоа, таа мора да биде во чекор со модерното време и технологијата. Само тогаш таа ќе опстане и ќе продолжи да обезбедува утеха и помош на човештвото.[118]

Моралните вредности и религиозноста

Моралот се проектира во секоја личност и е дел од секоја негова акција и интеракција, во односот кон другите луѓе и групи. Тој е првенствено духовна појава и претставува релативно цврст систем од идеи, односно норми, кои се изразени во соодветни материјални знаци и зборови, кои се меѓусебно смисловно поврзани. Под поимот морал се подразбира она што е добро, односно лошо, како и внатрешната санкција која се појавува како грижа на совест.

Моралната мотивација , која Пауер[119] во својот приод ја лоцира како дел од желбата за добро (добрина). Тој зборува за три аспекти кои имаат влијание врз моралната мотивација:

- Општественото опкружување, кое влијае врз моралната мотивација однадвор и обезбедува одреден контекст од кој поединецот ја конструира сопствената моралност.
- Себството, кое е извор на морална мотивација до оној степен до кој ги вклучува моралните аспирации или идеали кои стануваат извор на морално себеоценување.
- Религијата односно спиритуалноста (духовноста), која може да послужи како поддршка на моралната мотивација, влијаејќи врз перспективата која поединецот ја зазема кон заедницата во која живее, поширокото општествено опкружување и кон себе си.

Иако **религијата и етиката** може да бидат различни области, најчесто имаме тенденција да ги гледаме како меѓусебно поврзани, што е случај во јудизмот и во христијанството. И во двете традиции, моралните барања за правилен живот се клучни религиозните обврски.

[118] Agarwal, A. K. (1989). Religion and mental health. *Indian Journal of Psychiatry*, *31*(3), 185.
[119] Eisenberg, N., Carlo, G., & Edwards, C. P. (2005). Moral motivation through the life span. *Current Theory and Research in Motivation*, *51*.

Дури и религии без личен Бог, како што се будизмот и конфучијанството, даваат приоритет на етиката, толку многу што конфучијанството е речиси еден етички систем.

Германскиот филозофот Имануел Кант (Immanuel Kant) мисли дека етиката е автономна. Тој оди и понатаму, со тоа што предлага дека религијата треба да се смета како потчинета на етиката. Според него, вистинската религија е признавање на сите должности како божји заповеди. Значењето на гледиштето на Кант е дека ние треба да ги оценуваме тврдењата за религија според принципите на моралноста и да ги анализираме етичките проблеми независно од религиозните претпоставки и задолженија.

Доколку не сме убедени дека постои Бог, тогаш нашиот субјективен став може да се смета само како мислење. Но, ако сме цврсто убедени за постоењето на Бог, дури и покрај недостатокот на докази, ставот на нашата субјективна свест се нарекува верување. Истражувањата на логичките и психолошките димензии на верата се спроведени од страна на Вилијам Џејмс. Тој смета дека верата во Бог, или одрекувањето на постоењето на Бог, е принудено мислење.[120] На тоа се надоврзува и Елис, која тврди дека религијата на некој начин го саботира менталното здравје. Според тоа, луѓето што се религиозни, на прво место ја стават религиозноста и нивниот Бог, а тие останууваат на второ или последно место.[121]

И конечно, секој човек е свесен за своето постоење, за својата егзистенција и волја. Ако вистински трагаме по своите квалитети внатре во себе, ќе почнеме да ја чувствуваме својата духовна и бесмртна природа- својата душа. Верата може да биде опишана како здружен напор на умот (разумот), срцето (чувствата) и слободната волја. Таа не насочува кон разбирање на она што на самиот ум му е недостапно.

---

[120] Како пример можеме да ги земеме земјите со висока преваленца на муслимани, кај кои не постои големо одвојувањето меѓу државата и религијата. Доста често предметот религија се предава во државните училишта и опсегот за религиозно неверување, како резултатот на информираноста, се намалува. Исто така, во овие земји има поголем социјален притисок врз верниците за да не ја напуштаат и да не се одрекуваат од муслиманската религија, со одредена доза на закани.

[121] Moreira-Almeida, A., Lotufo Neto, F., & Koenig, H. G. (2006). Religiousness and mental health: a review. *Brazilian Journal of Psychiatry*, *28*, 242-250.

Полови разлики во религијата

Фактот дека мажите се помалку религиозни од жените е генерализација што важи низ целиот свет и низ вековите.[122] Религиите не биле благонаклонети кон жените, што можеби е и причина за тие да бидат повеќе религиозни од мажите. Тоа го покажуваат и воведните поглавја на книгата за Битието, каде вината за влегувањето на гревот во светот е чинот на непослушноста на Ева. Таа била казнета за оваа со тоа пто треба да трпи болка при раѓање деца. Во почетниот период на раното христијанство жените биле важни, но потоа преовладал патријархатот, а жените биле ставени во потчинета улога. Според тоа, не им било дозволено да се расположат или да бидат во служба на главните христијански тела, сè до доцниот дваесетти век.

Практиката на "сути", индиски обичај во кој жената треба да се фрли во огнот при погребната церемонија на нејзиниот маж, официјално е забранета во Индија, но сè уште се практикува во некои области. Други религиозни традиции бараат од жената да носи посебна облека која ја покрива од погледите на мажите. Иако овие ограничувања се однесуваат како потреба за заштита на жените, постои силен аргумент дека тие се насочесни повеќе кон заштита на мажите. Се мисли дека присуството на жените е многу моќно, а тоа често ги вознемирува мажите, што било поттик за вовдување на ваквите ограничувања.

Сите религии го потенцираат машкиот лик на Бог, што не може да се смета за тривијално или случајно прашање на лингвистиката. Тоа мора да биде разбрано како идеолошка пристрасност која ја одразува социологијата на патријархалните општества. Единствениот машки Бог се гледа како творец и законодавец на второстепениот статус на жените. Самата структура на духовноста, која е поврзана со Бог, го поттикнува нејзиниот второстепен статус. Се смета дека жените се поврзани со Бог само второстепено и преку вклучување на мажите како нивни "глави".

[122] Stark, R. (2002). Physiology and faith: Addressing the "universal" gender difference in religious commitment. *Journal for the Scientific Study of Religion*, *41*(3), 495-507.

Религиозноста во адолесценцијата

Во теоријата на Ериксон, во која се зборува за развојните фази и кризи, тој објаснува дека во периодот на адолесценција поединецот го бара својот идентитет. Адолесцентите можат да се разочарат од моралните и религиски верувања кои ги стекнале во детството и да ја изгубат вербата во нив. Доколку се случи такво разочарување, постои голема веројатност тие да ги почувствуваат нивните животи како празни и бесмислени. Тоа може да ги наведе да почнат да бараат нова идеологија која ќе им ја врати изгубената смисла. Според Ероксон, во периодот на адолесценција, идеологијата е водилка и чувар на идентитетот. Како основни доблести, кои претставуваат рудименти од периодот на детството, се: надежта, волјата, целисходноста, подготвеноста. Тој верноста ја смета како карактеристична за младоста, а љубовта, надежта и мудроста ги претставува како доблести на возрасните.

Иако за религиозноста се смета дека генерално се намалува во адолесценцијата, чувството за значењето на религијата и духот останува заедничка тема за многу тинејџери. (АПА, 2002) Степенот на религиозност на поединецот може да влијае на различните аспекти од неговиот живот. Оние адолесценти кои одржуваат високи нивоа на религиозност, поголемата е веројатноста да избегнуваат ризични однесувања. Ваквите истражувањата сугерира дека поконзервативните ставови придонесуваат да се одложат почетоците на сексуалните активности кај адолесцентите.[123]

Во животот за религиозните поединци, голема потпора е вербата дека нивната судбина е во рацете на семоќниот и дека тој ги решава сите нешта. Тоа ги насочува да се чувствуваат подобро во секакви безизлезни моменти. Се потенцира значајноста на религиозноста при обезбедување на смисла на животот,[124] со тоа што таа се поврзува со развојот на човековиот дух, на начин на кој му обезбедува да го постигне својот целосен потенцијал. Кук[125]во еден интересен проекти ја испитувал улогата на црквата во отпорноста на младите од Афроамерика. Преку спроведување на интервјуа, тој дожол до заклучок дека

[123] Rostosky, S. S., Wilcox, B. L., Wright, M. L. C., & Randall, B. A. (2004). The impact of religiosity on adolescent sexual behavior: A review of the evidence. *Journal of adolescent research*, *19*(6), 677-697.
[124] Emmons, R. A. (2005). Striving for the sacred: Personal goals, life meaning, and religion. *Journal of Social Issues*, *61*(4), 731-745.
[125] Cook, D. A., & Wiley, C. Y. (2000). Psychotherapy with members of African American Churches and spiritual traditions.

тинејџерите кои одат во црква доживуваат помалку стрес и имаат помали шанси за психолошки проблеми, за разлика од тинејџерите кои не одат во црква.

Најмногу разлики во религиозноста се приметени во доцната адолесценција, каде кривата на зголемување на религиозноста била најстрмна. Наодите овде го поддржуваат традиционалниот или развоен модел на религиозност и возраст, со што сугерираат дека стареењето само по себе е поврзано со зголемување на религиозноста, независно од настаните од секојдневниот и семејниот живот.[126]

Областите на размислување во адолесценцијата се движат од конкретни слики и буквално верувања во детството кон поапстрактни религиозно размислување во адолесцентниот период. Како основа во повеќето теории за религиозниот развој се зема когнитивно-развојната теорија на Пијаже.[127] Фаулер[128] формирал теорија за развојот на верата која вклучува низа фази, кои во голема мера ја следат фазата на когнитивниот развој во теоријата на Пјаже. Оваа теорија е исто така под силно влијание на психосоцијалната теорија на Ерик Ериксон за развојот на идентитетот на егото.[129] Фаулер сугерираше дека верата се развива во контекст на меѓучовечките односи и дека капацитетот и потребата за вера се вродени човечки карактеристики. Во теоријата на Фаулер постојат четири фази кои се јавуваат во детството и адолесценцијата, а тој ги нарекол фази на свеста за верата.

Адолесцентите може да развијат подлабоко разбирање и ценење на религиите во кои се израснати, делумно поради нивното активно истражување за таа вера, како и за алтернативните вредносни системи. Исто така, тие усвојуваат религиозни погледи и вредности кои се разликуваат од оние на нивните родители. Особено во предадолесцентниот период, каде родителската религиозност и духовност може да има посилно влијание врз благосостојбата на детето, отколку самата религиозност на детето. Во студијата на Јонкер[130] со наслов „Односот помеѓу духовноста и религија“ за

---

[126] Argue, A., Johnson, D. R., & White, L. K. (1999). Age and religiosity: Evidence from a three-wave panel analysis. *Journal for the Scientific Study of Religion*, 423-435.
[127] На пример- Piaget, 1962; Piaget & Inhelder, 1958
[128] Fowler, J. W., & Osmer, R. (1985). Childhood and adolescence–A faith development perspective. *Clinical handbook of pastoral counseling*, 171-212.
[129] На пример- Erikson, 1950; 1980
[130] Yonker, J. E., Schnabelrauch, C. A., & DeHaan, L. G. (2012). The relationship between spirituality and religiosity on psychological outcomes in adolescents and emerging adults: A meta-analytic review. *Journal of adolescence*, *35*(2), 299-314.

психолошките последици на адолесцентите и возрасните, резултатите покажале дека духовноста и религиозноста ги намалуваат психолошките проблеми кај адолесцентите.

За потенцијалното влијание на религијата врз справувањето со тешкотиите во воспитувањето на децата, особно внимание е посветено од теоријата и истражувањето на семејствата на деца со попреченост.[131] Ова описно и квалитативно истражување сугерира дека родителите често користат религиозни стратегии за справување со стресот поврзан со раѓањето на дете со попреченост или со хроничните медицински состојби. Религиозните форми на справување вклучуваат:

- Когнитивно преструктуирање на ситуацијата. Како на пример, кога родителите го доживуваат своето дете со посебни потреби како дар од Бога, или кога родителите веруваат дека Бог никогаш не им дава на поединците повеќе отколку што можат да поднесат;
- Употреба на религиозни ритуали како молитвата и присуството на верски служби.

Религиозноста и интелигенцијата

Истражувањата кои се правени многу одамна, покажале дека постои негативна корелација помеѓу интелигенцијата и религиозното верување кај студенти кои користеле различни мерки на религиозно верување.[132] Аргиле (1958) заклучил дека интелигентните студенти се помалку склони кон религиозни верувања. Ваквото тврдење го базирал на две претпоставки. Едната била дека атеизмот може да се карактеризира како неусогласеност во средината на религиозното мнозинство. Односно, револт кон некои ритуали и верувања кои ги практикува опкружувањето, со кои не се согласува единката, а тоа го покажува преку атеизмот. А другата претпоставка била дека поинтелигентните лиѓе имаат помала веројатност да се усогласат, да се вклопат и да не се разликуваат од заедницата во која живеат.

Иако распространетоста на религиозноста многу варира меѓу земјите и културите, сепак, повеќе од 50% од светското населението се смета себеси за религиозно. Луѓето кои растат

[131] На пример- Rogers-Dolan & Blacher, 1995
[132] Howells T. H. (1928). A comparative study of those who accept as against those who reject religious authority. University of Iowa Studies in Character, 2, 1-80.

во религиозна средина го чувствуваат нејзиното влијае, што најчесто резултира да веруваат и да го практикуваат она што е поддржано и застапено во нивната социјална средина.[133] Сепак, тоа што ги прави атеист невклопени во едно религиозно општество, не е само затоа што повеќето луѓе се религиозни, но и дека религијата е повеќе од лично (приватно) верување.

Во едно истражување се зборува за тоа дека младите со висок коефициент на интелигенција се способни да го ограничат магичното, натприродното размислување и имаат тенденција да се справуваат со несигурноста на животот на порационална/ критична/ емпириска основа, додека луѓето со низок коефициент на интелигенција имаат тенденција да заглават во религиозно/ магично размислување.[134] Дополнително, бил испитуван степенот до кој коефициентот на интелигенција, стапката на верување и здравјето формирале значајни врска помеѓу луѓето. Со тоа се покажало дека коефициентот на интелигенција е позитивно поврзан со здравјето и негативно поврзана со стапката на верување на нацијата (т.е. процентот на население што верува во бог).[135]

Атеизмот може да се смета за случај на неусогласеност во општество каде што преовледува религиозно население. Меѓутоа, тоа не е така ако некој порасне во главно атеистичко општество, како што е во Скандинавија.[136] Лин, Харви и Нејборг (2009) користеле податоци за 137 земји и покажале дека корелацијата помеѓу интелигенцијата и религиозното неверување е позитивна и статистички значајна: 0,60. Така, постојат докази за позитивна врска помеѓу атеизмот и интелигенцијата. Исто така, мета-анализата на 63 студии покажала значајна негативна поврзаност помеѓу интелигенцијата и религиозноста. Биле дискутирани три можни толкувања. Прво, интелигентните луѓе имаат помала веројатност да се усогласат и, на тој начин, имаат поголема веројатност да се спротивстават на религиозната догма. Второ, интелигентните луѓе имаат тенденција да усвојат аналитички (за разлика од интуитивниот) стил на размислување, кој се покажало дека ги поткопуваат религиозните верувања. Трето, неколку функции на религиозноста,

---

[133] Gervais, W. M., Willard, A. K., Norenzayan, A., & Henrich, J. (2011). THE CULTURAL TRANSMISSION OF FAITH Why innate intuitions are necessary, but insufficient, to explain religious belief. *Religion*, *41*(3), 389-410.
[134]Cribari-Neto, F., & Souza, T. C. (2013). Religious belief and intelligence: Worldwide evidence. *Intelligence*, *41*(5), 482-489.
[135] Reeve, C. L. (2009). Expanding the g-nexus: Further evidence regarding the relations among national IQ, religiosity and national health outcomes. Intelligence, 37, 495–505.
[136] Zuckerman, P. (2008). Society without god. In *Society without God*. new york university Press.

вклучително и компензаторна контрола, саморегулација, само-подобрување и сигурна приврзаност, исто така се доделени од интелигенцијата. Затоа, се заклучило дека интелигентните луѓе можеби имаат помала потреба од религиозни верувања и практики.

Утврдено е и дека религиозното неверување има тенденција да се зголемува со економскиот развој. Односно, религиозните верувања ја губат силата, во просек, како што една земја станува побогата.[137] Распространетоста на атеистите е типично повисока во економски развиените земји, за разлика од она што е забележано во економиите со ниски приходи.[138] Вистина е дека има голем процент на религиозното население во САД, но точно е и дека со текот на времето се намалува. На пример, анкетите покажале дека во 1948 година 95,5% од населението на САД верувале во Бог[139] и дека таквите скорови паднале на 89,5% во 2004 година.[140] Можното објаснување лежи во фактот дека, како земјите растат и стануваат се побогати и повеќе развиени, институциите стануваат посигурни, просечната големината на семејството се намалува, здравствената заштита се подобрува и луѓето имаат пристап до придобивките од науката и технологијата. Така, секојдневниот живот на повеќето луѓе е помалку подложен на страв и несигурност, со што се намалува привлечноста на многу религиозни дискурси.

Мерење на религиозноста

Во психологијата, постојат специфични инструменти за мерење на религиозните стилови на справување (соработувачки, пасивен, самонасочувачки) и религиските стратегии за справување (позитивни и негативни).[141] Позитивните религиски стратегии за справување се поврзани со помала депресивност, висока самодоверба и поголемо задоволство од животот. Додека пак негативните стратегии се поврзани со високи нивоа на депресија и анксиозност.[142]

---

[137] На пример, земјите со најголем просечен коефициент на интелигенција се Сингапур и Јужна Кореја.
[138] На пример, во повеќето африкански земји процентот на неверници не надминува 1% (Закерман, 2007), додека во Шведска достигнува 64%. Во други развиени земји, процентот на население што нема религиозни верувања е исто така висок: 48% во Данска, 44% во Франција и 42% во Германија.
[139] Argyle, A. W. (1958). Book Review: Bible Key Words.
[140] Zuckerman, M., Silberman, J., & Hall, J. A. (2013). The relation between intelligence and religiosity: A meta-analysis and some proposed explanations. *Personality and social psychology review*, *17*(4), 325-354.
[141] Pargament, K. I. (1997). The psychology of religion and coping: Theory, research, practice. Guilford Press.
[142] O. Harrison, M., Koenig, H. G., Hays, J. C., Eme-Akwari, A. G., & Pargament, K. I. (2001). The epidemiology of religious coping: A review of recent literature. *International review of psychiatry*, *13*(2), 86-93.

Имунес верувал дека духовноста може да се гледа како форма на интелигенција. Таквите тврдење биле поддржани бидејќи таквата интелигенција ги предвидува перформансите и прилагодувањето на поединецот и обезбедува способности кои им овозможуваат на поединците да ги решат проблемите и да ги постигнат своите цели. Тој го користел терминот духовна интелигенција за да ја објасни духовноста во форма на интелигенција и ја дефинирал како интелигенција која има адаптивна примена, со цел да го олесни решавањето на секојдневните проблеми и да ја постигне целта.[143]

Насел[144] верува дека религиозните верувања се поврзани со позитивни резултати како што се физичката, емоционалната и психолошката благосостојба, позитивната интерперсонална интеракција, брачното задоволство и квалитетот на животот. Духовната интелигенција создава општа и спиритуална цел преку светоста на секојдневните ритуали и сето она што човекот го прави, покрај конкретната и базична цел кон која тежнее. Кога некоја практика се изведува со света цел, таа добива поинакво значење за личноста.

[143] Rahmati, R., & Mohebbi-Dehnavi, Z. (2018). The relationship between spiritual and emotional intelligence and sexual satisfaction of married women. *Journal of education and health promotion*, *7*.

[144] Nasel, D. D. (2004). *Spiritual orientation in relation to spiritual intelligence a consideration of traditional Christianity and New Ageindividualistic Spirituality* (Doctoral dissertation, University of South Australia).

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Главен проблем во ова истражување е да се утврди дали постои статистички значајна поврзаност меѓу социјално- емоционалната интелигенција, сексуалната интелигенција и религиозноста во периодот на доцна адолесценција. Ваквиот проблем е инспириран од вознемирувачки настан (камп за сексуална едукација) кој се случи на територијата на нашата држава. Така беше поставена првата варијабла на ова истражување, сексуалната интелигенција кај адолесцентни испитаници. После долго пребарување, беа најдени неколку истражувања со слични варијабли. Тоа доведе до вклучување и на другите две варијабли, кои имаат влијание и е докажано дека се поврзани една со друга. Но, во нашата држава нема направено такво или слично истражување. Особено со варијаблата сексуална интелигенција, не постојат голем број на истражувања, а исто така сеуште нема соодветни инструменти за испитување на оваа варијабла. Тоа дополнително беше поттик за да се реализира ова истражување, и покрај сите потешкотии и табуа кај населението во нашата држава. Исто така, се испитуваше дали постојат разлики меѓу адолесцентите од машки и женски пол во однос на варијаблите социјално-емоционална интелигенција и сексуална интелигенција. Ова суб-хипотеза беше додадена и инспирирана од претходни истражувања, кои докажале дека постојат значајни разлики во однос на полот и интелигенциите.

За потребите на ова истражување е користен пригоден примерок составен од адолесценти во периодот на доцна адолесценција, односно на возраст од 18 и 19 години. Испитаниците се од средните училишта на територијата на град Струмица. Временска рамка во која се одвиваше истражувањето е од декември 2021 година до мај 2022 година.

Прашањето на кое истажувањето треба да даде одговор:

- Дали адолесцентите со висока социо-емоционална и сексуална интелигецнија се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социо-емоционална и сексуална интелгенција?

ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Според студиите и досегашните истражувања за истата или слична тематика , може да се заклучи дека интелигенцијата (социјално-емоционална и сексуална) која ја стекнале младите до периодот на доцна адолесценција, е многу пресудна за понатамошниот тек на нивниот живот (успешноста и академските постигнувања, врските со другите и задоволството во бракот...). Потребните скорови можат да ги достигнат ако, уште во почетокот на периодот на адолесценција, младите добијат соодветна едукација и воспитување. Колку порано и колку повеќе се информираат, толку помала ќе биде веројатноста за ризични однесувања во тој период.

Вклучувањето на религиозноста како варијабла беше пресудно, затоа што таа има голема улога во воспитувањето и градењето на вредностите и моралот кај една личност. Религиозноста и духовноста на адолесцентот можат да доведат до помалку ризични однесувања и поголема емоционалност и емаптија, што е докажано и во претходни релевантни истражувања. Но, со зголемување на информираноста и коефициентото на интелигенција, се очекува религиозност да се намалува. Исто така, порелигиозните адолесценти се очекува повеќе да ги избегнуваат темите за сексуалноста и да бидат поинтринзично ориентирани.

Конкретно, ова истражување е квалитативно, со цел предикција, каде се докажува поврзаност на варијаблите. Односно, се очекува да се докаже дека скоровите на инструментите за испитување на социјално-емоционалната интелигенција и сексуланта интелигенција ќе имаат влијание врз религиозноста. Методот е диференцијален, каде се испитуваат мерки на една иста варијабла (религиозност) кај две групи испитаници (адолесценти со висока социо-емоционална и сексуална интелигенција и адолеснценти со ниска социо-емоционална и сексуална интелигенција).

ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

После одредувањето на проблемот и целите на истражувањето, следува одредување на задачи на ова истражувањето, а тие се:

- Да се открие дали врз испитаниците ќе влија општеството во кое живеат, за кое се мисли дека е традиционално и религиозно општество, кое е во обид за модернизирање;

- Да се увиде дали постојат разлики меѓу испитаниците кои се од урбаните и руралните средини;

- Да се докаже дека степенот на религиозност влијае врз социјално-емоционалната и сексуалната интелигнеција;

- Да се дознае дали адолесцентите со повисоки скорови на социјално-емоционалната и сексуалната интелигенција ќе бидат помалку религиозни и обратно;

- Да се дознае дали постојат разлики во полот во однос на варијаблите кај кои се очекува да има разлика, односно кај женската популација да е поразвиена социјално-емоционалната интелигенција, а сексуалната интелигенција да е поразвиена кај машките испитаници.

ИСТРАЖУВАЧКА ХИПОТЕЗА

По обработката на литературата за трите истражувани конструкти, како и релевантните истражувања кои ја испитувале нивната поврзаност, се дефинира хипотетички одговор на претходно поставеното проблемски прашања. Општата истражувачката хипотеза, која потекнува од проблемот на истражувањето, која ќе бидат испитувана и тестирана во продолжение е:

> **Хипотеза 1: Адолесцентите со висока социо-емоционална и сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социо-емоционална и сексуална интелигенција.**

Суб-хипотеза 1.1: Адолесцентите со висока социјално-емоционална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социјално-емоционална интелигенција.

Суб-хипотеза 1.2: Адолесцентите со висока сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска сексуална интелигенција.

Суб-хипотеза 1.3: Постои разлика во однос на социјално-емоционалната интелигенција и сексулната интелигенција помеѓу лицата од машки и женски пол.

Суб-хипотеза 1.3.1: Лицата од женски пол имаат поизразена социјално-емоционална интелигенција во однос на лицата од машкиот пол.

Суб-хипотеза 1.3.2: Лицата од машкиот пол имаат поизразена сексуална интелигенција во однос на лицата од женскиот пол**.**

Општата хипотеза е исказ на разлика, а нејзиниот метод е корелациски. Тоа значи дека варијаблите се континуирани (растат/опаѓаат) и имаме исказ на континуитет.

ВАРИЈАБЛИ

Ова истражување има три варијабли. Независни варијабли се социјално-емоционалната интелигенција и сексуалната интелигенција, кои се причините за промените кои се очекуваат. Зависната варијабла е религиозноста и таа е последицата од причините, односно се очекува независните варијабли да и влијаат на религиозноста и таа да зависи од нив.

Сите три варијабли се квантитативни, односно скорови од истите можеме да добиеме со користење на скали како инструменти. Нивното мерење може да биде на интервално ниво и тие се дисконтинуирани и организмени варијабли. Релевантни варијабли во истражувањето се националноста и полот, односно се претпоставува дека тие може да предизвикаат некакви разлики во однос на добиените резултати, па затоа се контролираат.

РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

-Студија за врската помеѓу социјално-емоционалната интелигенција и ризичното сексуално однесување во адолесценцијата

Покрај воведувањето на сексуалното образование во државните училишта, и понатаму имало високи стапки на несакана бременост и сексуално преносливи болести во тинејџерска популација. Во студијата биле собрани податоци од 49 средношколци во државата Њујорк. Користен бил Инвентарот за емоционална интелигенција на Бар-Он и прашалник за ризично сексуално однесување. Тинејџерите со повисока социјално-емоционална интелигенција пријавиле помалку сексуално ризични односи.[145]

- Студија за врската помеѓу духовната и емоционалната интелигенција со сексуалното задоволство кај мажените жени

Целта на истражувањето била да се предвиди брачното задоволство врз основа на духовната и емоционалната интелигенција на паровите, објавајќи дека духовната интелигенција има позитивно влијание врз брачното задоволство. Резултатите од Спирман тестот, направен на 200 жени, покажале дека постои позитивна и значајна врска помеѓу емоционалната интелигенција и сексуалното задоволство (P=0,001). Исто така, резултатите за компонентите на емоционалната интелигенција покажале дека само компонентата за емоционално прилагодување има значајна врска со сексуалното задоволство. Исто така, се докажало дека постои значајна врска помеѓу духовната интелигенција и сексуалното задоволство и компонентите на трансценденталната свест, трансценденталната будност и личната значајност со сексуалното задоволство (P=0,001).[146]

-Истражување на поврзаноста помеѓу емоционалната интелигенција, сексуалното функционирање и субјективната сексуална благосостојба

[145] Wozniak, R. L. (2013). *Risky sexual behaviors in adolescence: their relationship to social-emotional intelligence*. Alfred University.
[146] Mortazavi, M., Bakhshayesh, A., Fatehizadeh, M., & Emaminiya, S. (2014). The relationship between sexual frigidity and marital conflict in women residing in Yazd. *Studies in Medical Sciences*, *24*(11), 913-921.

Целта на истражувањето била да ја утврди поврзаноста помеѓу емоционалната интелигенција и сексуалното функционирање и субјективната сексуална благосостојба. Примерокот се состоел од 1.421 лице, кои се претежно женски (57,6%), на возраст меѓу 18 и 83 години од Португалија. Просечната возраст на учесниците е 38,76 години. Како инструменти за истражување ја користиме скалата за емоционална интелигенција на Шут, прашалникот за промени во сексуалното функционирање и прашалникот за субјективна сексуална благосостојба. Севкупните резултати идентификувале високи нивоа на поврзаност помеѓу емоционална интелигенција, сексуално функционирање и субјективна сексуална благосостојба. Значителни разлики во однос на емоционалната интелигенција се нашла помеѓу половите (жените имале повисоки резултати од мажите), возраста (постарите учесници покажувале повисоки резултати од помладите учесници), а исто така и за сексуалното функционирање и сексуалната субјективна благосостојба (мажите имале повисоки резултати од жените). Постоеле значајни, но благи нивоа на поврзаност помеѓу емоционалната интелигенција и сексуалните варијабли.[147]

-Истражување за врската меѓу социјално-емоционалната интелигенција со ризичното сексуалното однесување кај адолесцентки.

Оваа студија ја испитувала поврзаноста помеѓу трите компоненти за социо-емоционална интелигенција (SEI) и сексуално ризично однесување на девојчињата на возраст од 13 до 17 години. Резултати укажуваат дека секој аспект на SEI е поврзан со различни сексуално ризични однесувања. Поточно, девојчињата со поголеми интраперсонални вештини имале значително помалку машки сексуални партнери во изминатите шест месеци (b = -0,16). Учесниците со поголеми интерперсонални вештини пријавиле претходна комуникација и запознавање со нивниот сексуален партнер со што се намалува ризикот (b = 0,14). Наодите од студијата сугерираат дека SEI е многу корисна против сексуално ризичното однесување. Градењето социјални и емоционални вештини на адолесцентките може да

[147] Silva, P., Pereira, H., Esgalhado, G., Monteiro, S., Afonso, R. M., & Loureiro, M. (2016). Emotional intelligence, sexual functioning, and subjective sexual well-being in Portuguese adults. *British Journal of Education, Society & Behavioural Science*, *15*(1), 1-11.

биде ефикасна стратегија за намалување на нивниот ризик за рана бременост и сексуално преносливи инфекции.[148]

-Истражување за врската помеѓу социјално-емоционалната интелигенција (SEI) и сексуалното знаење, ставовите и однесувањата кај младите од Јамајка

Петстотини адолесценти го пополниле прашалникот кој се состои од Bar-On EQ-i:YV(S), мерка за SEI, прашалник за сексуално знаење и став, како и Инвентар за ризик кај адолесценти. Статистичките анализи идентификувале значајни врски ($p < 0,05$) помеѓу SEI и сексуалноста на адолесцентите. Резултатот покажува дека интерперсоналните вештини се поврзани со односот на адолесцентите кон сексуалното однесување, односот кон сексот и, исто така, преговорите за нивната сексуална улога. Немало некои разлики помеѓу половите, освен што девојчињата имале подобри механизми за справување со стресни ситуации отколку момчињата.[149]

-Студија за причинителители за рана сексуална активност кај адолесцентите

Оваа студија ја одреди преваленцата на раното започнување со сексуални активности кај никогаш не венчани адолесценти во Огбомозо, Југозападен Нигерија. Податоците биле собрани од вкупно 447 никогаш не венчани адолесценти помеѓу 16 и 19 години. Резултатите покажале дека околу четвртина (26,80%) од адолесцентите биле сексуално активни со средна возраст на започнување со сексуални активности од 15,80 години кај девојчињата и 15,40 години кај момчињата. Полигамното семејно опкружување, врсничкото сексуално образованието, употребата на алкохол и слабата информираност за репродуктивното здравје биле предиктори за раната сексуалност. Со студијата се заклучило дека религиозноста и доброто социјално однесување штитат од рана сексуална активност.[150]

---

[148] Lando-King, E., McRee, A. L., Gower, A. L., Shlafer, R. J., McMorris, B. J., Pettingell, S., & Sieving, R. E. (2015). Relationships between social-emotional intelligence and sexual risk behaviors in adolescent girls. *The Journal of Sex Research*, *52*(7), 835-840.

[149] Longman-Mills, S. (2017). Emotional-social intelligence and sexuality among Jamaican adolescents. *Interweaving tapestries of culture and sexuality in the Caribbean*, 35-66.

[150] Olufemi, A. T., Paulin, O. I., & Akinbode, O. O. (2018). Prevalence and predictors of early sexual debut among adolescents in Ogbomoso, Nigeria. *Am J Public Health*, *6*(3), 148-154.

-Студија за поврзаноста на ризичното сексуално однесување со само-концептот, емоционалната интелигенција и религиозноста кај адолесцентите од Ондо, Нигерија

Студијата го утврдува нивото на ризично сексуално однесување и ја испитува врската помеѓу само-концептот и ризичното сексуално однесување кај адолесцентите. Исто така, ја истражувале врската помеѓу емоционалната интелигенција и ризичното сексуално однесување и ја процениле врската помеѓу религиозноста и ризичното сексуално однесување. Популацијата за студијата ја сочинувале средношколците во државата Ондо. После 5 фази од истражувањето, дваесет и три (23) ученици биле соодветно избрани од секоја паралелка. Затоа, во студијата биле вклучени вкупно 401 учесник (на возраст од 11 до 20 години). Во оваа студија биле користени четири тестови, односно скала за ризично сексуално однесување (RSBS), скала за самоконцепт (SCS), скала за емоционална интелигенција (EIS) и тест за религиозна ориентација (ROT). Резултатите покажале дека мнозинството (87,2%) од испитаниците имале високо ниво на ризично сексуално однесување. Потоа, се покажала значајна позитивна врска помеѓу само-концептот и ризичното сексуално однесување ($r=0,17$, $p<0,05$). Резултатите откриле и значајна негативна врска помеѓу емоционалната интелигенција и ризичното сексуално однесување ($r=-0,18$, $p>0,05$). Исто така, се покажало дека постои значајна поврзаност помеѓу религиозноста и ризичното сексуално однесување ($r=-0,15$, $p>0,05$). Конечно, наодите откриле значајна полова разлика помеѓу машките и женските во нивното ризично сексуално однесување. Со оваа студија се заклучило дека самоконцептот, емоционалната интелигенција и религиозноста имаат врска со ризичното сексуално однесување на адолесцентите во училиштето во државата Ондо, Нигерија.[151]

[151] Okoli, B. I. (2020). *Environmental and affective factors as determinants of risky sexual behaviour among adolescents with visual impairment in Southwestern Nigeria* (Doctoral dissertation).

ТЕХНИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето е прелиминарно и се препорачува да се користи како поттик за понатамошни истражувања на темата или на теми слични на оваа. Тоа е емпириско, фундаментално или базично, преку кое ќе се приберат одредени податоци кои ќе бидат анализирани и интерпретирани. Како што и претходно се спомна, истражувањето е квантитативно и експлоративно. За прибирање на податоците се користеше техниката заснована на самоизвесување (писмена комуникација), односно за мерни инструменти се користеа тестови.

Во текот на истражувањето, трите прашалници, преведени на македонски, беа зададени заедно. Задавањето на инструментите се одвиваше електронски, при што прашалниците беа поставени на сајтот www.docs.google.com. На секој инструмент посебно се наоѓаа соодветни инструкции, со цел да се запази објективноста при тестирањето. Линкот до прашалниците беше испратен до повеќе он-лајн групи на ученици од трета и четврта година во струмичките средни училишта.

ИНСТРУМЕНТИ

A) Тест за емоционална интелигенција

За мерење на емоционалната интелигенција кај испитаниците се користеше тестот изработен од Радмила Ѓокич[152], кој е преведен и адаптиран на Македонски јазик од страна на Проф. Д-р. Елисавета Сарџоска.[153]

Тој содржи 42 тврдења, а испитаникот одговара на секое од понудените тврдења на тој начин што го впишува знакот X крај понудениот одговор, во зависност од степенот на неговото согласување. Понудените алтернативи се: 1-потполно точно, 2-главно точно, 3-главно неточно и 4-сосема неточно. Вкупниот скор за емоционалната интелигенција се добива како сума од сите скорови.

[152]Đokić, R. (2008) *Test emocionalne inteligencije*. Превземено од http://www.stetoskop.info/Test-emicionalne-inteligencije-1361-c3- content.htm?b8.

[153] Види Прилог 1

Тетот содржи 3 субскали, а за секоја од субскалите се однесуваат по 14 прашања од тестот. За интимната емоционална интелигенција (однос кон себе), се однесувааат прашањата: 1, 4, 5, 8, 10, 11, 12,18, 20, 25, 31, 34, 39, 41. За социјалната емоционална интелигенција (однос кон другите) се однесуваат ајтемите: 6, 9, 13, 14, 15, 16, 17, 19, 21, 22, 23, 28, 35, 40. И за последната категорија на емоционална интелигенција, односно за егзистенцијалната (однос кон животот) се однесуваат ајтемите: 2, 3, 7, 23, 25, 26, 28, 30, 32, 33, 36, 37, 38, 42. Минималниот скор за секоја субскала изнесува 14, додека пак, максималниот скор изнесува 56.

Минималниот скор за целиот тест изнесува 42, а максималниот 168. Според нормите дадени од авторката, добиениот резултат на тестот може да припадне во една од следниве три категории:

- Високо изразена емоционална интелигенција (121-168)
- Просечно изразена емоционална интелигенција (81-120)
- Ниско изразена емоционална интелигенција (42-80) .

Тестот има 23 искази кои се инверзни (2, 3, 6, 7, 10, 11, 14, 16, 17, 19, 23, 24, 27, 29, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 40, 42) , односно служат како контрола за одговорите на испитаникот. Одговорите на овие ајтеми се вреднуваат реверзибилно.

В) Тест за мерење на сексуална интелигенција

Тест кој ја мери сексуалната интелигенција и се користи најчесто на балканот е тестот на Д-р Јован Мариќ.[154] Овој тест е превземен од српска веб-страница[155], кој не е стандардизиран за нашата популација, но е адаптиран за потребите на ова истражување.

Тестот за сексуална интелигенција се состои од 25 тврдења кои се одговараат со да или не. Вкупниот скор е збир од одговори со да. Со тоа авторот Мариќ предлага скоровите од одговорите да припаднат во 3 категории[156]:

[154] Види Прилог 2
[155] Види https://zena.blic.rs/sex/izmerite-seksualnu-inteligenciju/r71466f.
[156] Објаснување за секоја категорија има во теоретскиот дел на овој труд, на стр. 33.

-Високо ниво на сексуална интелигенција- 20-25

- Средно ниво на сексуална интелигенција- 12-19

-Ниско ниво на сексуална интелигенција- 1-11

Мариќ предлага дека доколку се посветиме на учење и напредување во сексуалноста, со повторно одговарање на тестот после три месеци, ќе забележиме значителни позитивни разлики во скоровите.

Б)Тест за мерење на религиозноста

Скала за мерење на центрирана религиозност (CRS)[157] е мерка за центрираноста, важноста и религиозното значење на личноста. Таа е формирана од авторите Хубер и Одило [158], а се применува во различни верзии во многу студии по социологија на психологија, психологија на религијата и религиозни студии во различни земји. За потребите на истражувањето, инструментото ќе се искористи како адаптиран затоа што не е стандардизиран за нашите простори.

Инструментот за религиозност е составен од 15 ајтеми на кои испитаниците го заокружуваа соодветниот одговор наведен под ајтемите. Вкупниот скор за религиозноста се добива како сума од сите скорови поделени со бројот на ајтеми. Одговорите се бележат на скала од Ликертов тип со повеќе понудени одговори. Повеќето од прашањата се со 5 понудени одговори, а само 4 се со повеќе од 5 и за нив има посебна скала која ги сведува пак на истата скала со 5 понудени одговори.

Добиените резултати од тестот се категоризираат во 3 категории:

1.0 до 2.0 - нерелигозни
2.1 до 3.9 - религиозни
4.0 до 5.0 - високо религиозни

Инструментот е составен од 5 субскали кои мерат 5 различни аспекти на религиозност и тоа:

[157] Види Прилог 3
[158] Huber, S., & Huber, O. W. (2012). The centrality of religiosity scale (CRS). *Religions*, *3*(3), 710-724.

- Интелект- се однесува на општественото очекување кое религиозните луѓе го имаат, знаењето за религијата и за тоа колку можат да ги објаснат своите ставови поврзани со религиозноста.
- Идеологија- Општи показатели од оваа димензија треба да се фокусира само на аспектот на веродостојноста на постоењето на трансцендентна реалност, на пр., „До која мера верувате во постоењето на Бог или нешто надприродно постои?".
- Јавна примена- се однесува на општественото очекување дека религиозните поединци припаѓаат на верските заедници што се манифестира со учеството во верските ритуали и во заеднички активности.
- Лична примена- се однесува на општественото очекување дека религиозните поединци се посветуваат на трансценденцијата во индивидуализираните активности и ритуали во приватниот простор. Има смисла да се разгледа и молитвата и медитација при мерење на општиот интензитет на личната примена на религиозноста.
- Искуство- општественото очекување дека религиозните поединци имаат „некој вид на директен контакт со крајната реалност" што емотивно влијае на нив. Оваа димензија се фокусира на присутностаа на Бог во животот, дали го чувствуваме дека на влијае на мислите и одлуките.

ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК


За потребите на ова истражување се избра пригоден примерок на испитаници. Ограничувањето во возрасната рамка (испитаници од 18 и 19 години) беше направено поради природата на варијаблите. Според досегашните истражувања, се очекува социјално-емоционалната интелигенција да може да се развива порано од другите две варијабли. За религиозноста и сексуалната интелигенција примерокот треба да биде повозрасен, а најголемо ограничување беше сексуалната интелигенција, со тестот кој може да биде соодветен за полнолетна популација. Иако таа почнува и порано да се развива, сепак прашањата се несоодветни (од етички и правни причини) за малолетна популација.

Учеството на сите испитаници беше доброволно, според исто упатство за сите. Исто така се обезбеди анонимност, така што не се бараше никакви лични податоци за испитаниците

и линкот беше испраќан во големи групи каде е невозможно да се утврди кои од нив одговориле. На самиот почеток, на сите испитаници накратко им беше објаснета целта на истражувањето и беа замолени за искреност при одговарање. На крај беше изразена благодарност кон сите испитаници за нивното учество во ова истражување.


Прашалникот беше зададен на вкупно 36 испитаници, од кои 8 прашалници беа отфрлени и не беа земени предвид поради нецелосно пополнување. Примерокот вклучува мал број на испитаници, а тоа се должи на големината на достапата популација, која е помала затоа што истражувањето се одвива во помал град како што е Струмица. Исто така, примерокот е пристрасен и не ги вклучи сите сегменти од достапната популација (8 прашалници се нецелосно пополнети). Воедно, начинот на прибирање на податоците (мерки на самоизвестување) доведува до ефекти врз испитаниците, кои имаат промени во однесувањето. Тоа се должи на свесноста дека се дел од истражување и имаат потреба од тоа да се прикажат во подобро светло.

Од овие причини, добиените податоци се базираат на примерок од вкупно 28 лица, од кои 15 се припадници на женскиот пол, а 13 се припадници на машкиот пол.




Слика 1: Процентуално претставување на резултатите во однос на полот на испитаниците

Во однос на возраста, 16 испитаници се на возраст од 18 год., а 12 се на возраст од 19 год.




Слика 2: Процентуално претставување на резултатите во однос на возраста кај примерокот испитаници

Истражувањето е правено на ученици кои доаѓаат од урбани и рурални средини. Во однос на местото на живеење, 12 испитаници се од руралните средини на Струмица. А 16 испитаници се од рурална средина, односно живеат во градот.



Слика 3: Процентуално претставување на резулатите во однос на местото на живеење на испитаниците

Во однос на националната припадност, 26 испитаници се Македонци, 1 испитаник е Турчин и 1 испитаник е Влав.



Слика 4: Процентуално претставување на резултатите во однос на националната припадност на испитаниците

СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Со цел разгледување на секоја варијабла посебно, првично ќе се прикажат податоци од дескриптивна анализа на истражувачките варијабли. Потоа, ќе биде прикажан наоди од тестираната хипотеза со нејзините суб-хипотези. За првите суб-хипотези ќе се користи пирсоновиот коефициент на корелација, а за последната ќе се искористи статистичката постапка t-тестот за независни примероци (машки и женски).

За статистичка обработка на податоците користена е програмата SPSS Statistics 29.0.

Резултати од дескриптивната анализа на варијаблата социјално-емоционална интелигенција

Табела 1. Дескриптивните статистици за варијаблата социјално-емоционална интелигенција и нејзините компоненти

Емоционалната интелигенција (ЕИ)	N	Min.	Max.	M	SD	Skewness		Kurtosis	
интимна ЕИ	**28**	**23**	**50**	**34.71**	**7.463**	**.369**	**.441**	**-.746**	**.858**
социјална ЕИ	**28**	**28**	**52**	**39.86**	**5.662**	**.061**	**.441**	**-.082**	**.858**
егзистенцијална ЕИ	**28**	**31**	**51**	**39.96**	**5.548**	**.458**	**.441**	**-.605**	**.858**
ЕИ (вкупно)	**28**	**89**	**148**	**115.64**	**15.217**	**.335**	**.441**	**-.585**	**.858**

Легенда: Број на испитаници (N); Минимален скор (Min.); Максимален скор (Max.); Аритметичка средина (M); Стандардно отстапување (SD).

Од добиените резултати се забележува дека аритметичката средина на варијаблата социјално-емоционална интелигенција изнесува M=115.64, додека стандардното отстапување е SD=15.217. Со оглед на теоретскиот опсег на скоровите на инструментот (42-168), како и на нормите кои авторката ги посочува (Đokić, 2008), може да се забележи дека се постигнати високи скорови, додека никој од испитаниците нема екстремно ниски постигнувања (категорија со ниски EQ од 42-80).




График 1: Аритметичка средина на варијаблата социјално-емоционална интелигенција

Скоровите на аритметичката средина упатуваат на тенденција кон просечна застапеност на варијаблата кај испитаниците. Од висината на минималните и максималните емпириски скорови, евидентно е дека не се добиени екстремно ниски, ниту пак екстремно високи резултати. Што се однесува до трите аспекти или компоненти на емоционалната интелигенција, може да се констатира дека нема големи разлики во аритметичките средини, при што највисока вредност е добиена кај егзистенцијалната (M=39.96), а најниска кај интимната (M=34.71). Согласно поставените норми од авторката на инструментот (презентирани во описот на инструментот), и со оглед на дијапазонот на скорови на секоја од трите компоненти (14-56), и овде може да се забележи просек кој има тенденција кон повисоките скорови. Во однос на варијабилноста, најголема хомогеност на испитаната група е присутна кај егзистенцијалната емоционална интелигенција (SD=5.548), а најмала - кај интимната (SD=7.463).

Резултатите од тестот Шапиро-Вилк и Колмоговор-Смирнов тест, а и визуелната анализа на хистограмите покажуваат дека скоровите на варијаблата се нормално дистрибуирани. Исто така, според пресметувањето на z-скоровите за скјунес и куртозис, резултатите покажаа дека варијаблата и нејзините компоненти се нормално дистрибуирани (пресметано врз база на стандардната грешка (Std. error = +/- 1.96)).

Резултати од дескриптивната анализа на варијаблата сексуална интелигенција

Табела 2. Дескриптивните статистици за варијаблата сексуална интелигенција

Сексуална интелигенција	N	Min.	Max.	M	SD	Skewness		Kurtosis	
СИ (Вкупно)	28	8	22	17.57	3.824	-1.305	.441	.933	.858

Легенда: Број на испитаници (N); Минимален скор (Min.); Максимален скор (Max.); Аритметичка средина (M); Стандардно отстапување (SD).

Од дескриптивните статистици (Табела 2), се забележува дека аритметичката средина на варијаблата сексуална интелигенција изнесува M=17.57, а стандардното отспатување е SD=3.824. Со оглед на опсегот на скоровите на тестот (1-25) и категоризацијата на истите се забележува дека варијаблата сексуална интелигенција е просечно застапена (категорија со скорови од 12-19) кај испитаниците, со тенденција кон повисоките скорови. Во однос

на минималниот и максималниот скор, можеме да заклучиме дека се вклучени испитаници од сите три категории на скоровите на тестот (испитаници со ниско, средно и високо нови на сексуална интелигенција).




График 2: Аритметичка средина на варијаблата сексуална интелигенција

Според пресметувањето на z-скоровите за скјунес и куртозис, резултатите покажаа дека скоровите на варијаблата не се нормално дистрибуирани, односно испитаниците имаат тенденција за давање на позитивни одговори. Но, резултатите од тестот Шапиро-Вилк и Колмоговор-Смирнов тест, а и визуелната анализа на хистограмите покажуваат дека скоровите на варијаблата сексуална интелигенција не се нормално дистрибуирани.

Резултати од дескриптивната анализа на варијаблата религиозност

Табела 3. Дескриптивните статистици за варијаблата религиозност

Религиозност	N	Min.	Max.	M	SD	Skewness		Kurtosis	
Религиозност (Вкупно)	28	1.3	4.6	3.014	1.017	-.225	.441	-1.183	.858

Легенда: Број на испитаници (N); Минимален скор (Min.); Максимален скор (Max.); Аритметичка средина (M); Стандардно отстапување (SD).




График 3: Аритметичка средина на варијаблата религиозност

Скоровите за варијаблата религиозност покажуваат дека аритметичката средина е M=3.014, а според висината на скоровите се забележува просечна застапеност на религиозноста кај испитаниците. Во однос на минималниот (1.3) и максималниот (4.6) скор, имаме скорови кои ги опфаќаат сите три категории на варијаблата, односно имаме испитаници кои се нерелигиозни, религиозни и високо религиозни.

При тестирањето на z-скоровите за скјунес и куртозис, може да се забележи дека испитаниците имаат тенденција за давање на позитивни одговори, но варијаблата останува со нормална дистрибуција. Исто така, резултатите од тестот Шапиро-Вилк и Колмоговор-Смирнов тест, а и визуелната анализа на хистограмите покажуваат дека скоровите на варијаблата религиозност се нормално дистрибуирани.

Наоди од тестираната хипотеза

- Резултатите за хипотезата ќе се добијат со тестирање на 3 суб-хипотезите.

Во следните табели се прикажани резултатите од пресметувањето на Пирсоновиот коефициент на корелација за тестирање на суб-хипотеза 1.1.

Табела 4. *Коефициент на корелација помеѓу категориите на социјално-емоционална интелигенција и религиозноста*

	Религиозност
Интимна ЕИ	r=.363
	p=.057
Социјална ЕИ	r=.150
	p=.445
Егзистенцијална	r=.274
ЕИ	p=.158
ЕИ (Вкупно)	r=.378*
	p=.047

*статистичка значајност на ниво 0.05

Резултатите од анализата (Табела 4) покажаа дека не постои статистички значајна поврзаност меѓу компонентите на социјално-емоционалната интелигенција (интимна ЕИ, социјална ЕИ и егзистенцијална ЕИ) и религиозноста. Но, помеѓу вкупниот скор на социјално-емоционалната интелигенција и религиозноста постои значајна позитивна поврзаност ($r = 0.378$; $p < 0.05$), што значи дека со зголемување на социјално-емоционалната интелигенција се зголемува и религиозноста.



График 4: Коефициент на корелација меѓу религиозност и социјално-емоционална интелигецнија

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека **суб-хипотезата 1.1** според која адолесцентите со висока социо-емоционална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социо-емоционална интелигенција **се отфрла**.

Резултатите од пресметувањето на Пирсоновиот коефициент на корелација за тестирање на суб-хипотеза 1.2 се прикажани во табела 5.

Табела 5. *Коефициент на корелација помеѓу сексуалната интелигенција и религиозноста*

	Религиозност
Сексуална интелигенција (вкупно)	r=-.253 p=.193

Резултатите од Табела 5 покажуваат дека не постои статистички значајна поврзаност меѓу сексуалната интелигенција и религиозноста (r =-0.253; p>0.05) .



График 5: Коефициент на корелација меѓу религиозност и сексуална интелигецнија

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека **суб-хипотезата 1.2** според која адолесцентите со висока сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска сексуална интелигенција **се отфрла**.

Следна суб-хипотеза која ќе биде тестирана е **суб-хипотеза 1.3**: Постои разлика во однос на социо-емоционалната интелигенција и сексулната интелигенција помеѓу лицата од машки и женски пол.

Резултатите за истата ќе ги добиеме со засебно тестирање на суб-хипотезите 1.3.1 и 1.3.2. Како статистичка постапка е користен t-тестот за независни примероци за утврдување на

значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини на двете групи испитаници (машки и женски).

Табела 6. Разлика во скоровите на социо-емоционална интелигенција помеѓу испитаниците од машки и женски пол

	M	SD	T	P	Sig
Машки	**116.27**	**14.471**	**.173**	**.864**	**p>0.05**
Женски	**115.24**	**16.107**			

Легенда: Аритметичка средина (M); Стандардно отстапување (SD);Скор од t- тестот (T);Скор на стистичка значајност за добиените резултати (P);Ниво на значајност (Sig).




График 6: Разлики кај испитаници од машки и женски пол во однос на социјално-емоционалната интелигенција

Во однос на **суб-хипотезата 1.3.1:** Лицата од женски пол имаат поизразена емоционална интелигенција во однос на лицата од машкиот пол, се користеше t-тестот за независни примероци, а резултатите се дадени во Табела 6. Резултатите покажаа дека t=0.173, при што p=0.864, односно p >0,05, односно се покажа дека не постои значајна разлика во степенот на изразеност на социјално-емоционалната интелигенција помеѓу испитниците од машки и женски пол. Со ова може да заклучиме дека оваа суб-хипотеза 1.3.1 **се отфрла**.

Табела 7. Разлика во скоровите на сексуалната интелигенција помеѓу испитаници од машки и женски пол

	M	SD	T	P	Sig
Машки	**18.18**	**2.562**	**.672**	**.507**	**p>0.05**
Женски	**17.18**	**4.489**			

Легенда: Аритметичка средина (M); Стандардно отстапување (SD);Скор од t- тестот (T);Скор на стистичка значајност за добиените резултати (P);Ниво на значајност (Sig).




График 7: Разлики кај испитаници од машки и женски пол во однос на сексуалната интелигенција

Во однос на **суб-хипотезата 1.3.2**: Лицата од машкиот пол имаат поизразена сексуална интелигенција во однос на лицата од женскиот пол, исто така се користеше t-тестот за независни примероци, а скоровите се дадени во Табела 7. Резултатите покажаа дека t=0.672, при што p=0.507, односно p >0,05, односно се покажа дека не постои значајна разлика во степенот на изразеност на сексуалната интелигенција помеѓу испитниците од машки и женски пол. Со ова може да заклучиме дека оваа суб-хипотеза 1.3.2 **се отфрла**.

Врз основа на тестирањата, заклучуваме дека **суб-хипотеза 1.3 се отфрла**, односно не постои разлика во однос на социо-емоционалната интелигенција и сексулната интелигенција помеѓу лицата од машки и женски пол.

- Добиените резултати за трите тестирани суб-хипотези не покажаа статистички значајни разлики, односно не ги потврдија претпоставките и беа отфрлени. Врз основа на тоа, можеме да заклучиме дека **хипотеза 1** според која адолесцентите со висока социјално-емоционална и сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социјално-емоционална и сексуална интелигенција, **се отфрла.**

Со тоа можеме да заклучиме дека адолесцентите со висока социјално-емоционална и сексуална интелигенција не се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социјално-емоционална и сексуална интелигенција.

АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИТЕ

Целта на овој труд е да се утврди дали постои поврзаност меѓу социјално- емоционалната интелигенција, сексуалната интелигенција и религиозноста во периодот на доцна адолесценција, односно кај полнолетни адолесценти од 18 и 19 години. Истражувањето се реализира во Струмица, а примерокот се состоеше од 28 испитаници. Според наодите, не се докажа поврзаноста и се отфрли хипотезата.

Анализата на добиените дескриптивни податоци на варијаблата социјално-емоционална интелигенција покажа дека адолесцентите вклучени во примерокот се со просечна или висока емоционална интелигенција, што може да биде резултат на тенденцијата за давање на позитивни одговори. Односно, младите во овој период на градење на својот идентитет имаат потреба од тоа да се прикажуваат во позитивно светло, а со тоа и да се стремат кон зацврстување на своите ставови кои ги граделе во периодот на адолесценција. Резултатите од компонентите на социјално-емоционалната интелигенција потврдуваат дека младите се повеќе насочени кон социјалната интелигенција. Односно, покажуваат повисоки скорови на социјалната и егзистенцијалната компонента на емоционалната интелигенција, за разлика од пониските скорови на интимната ЕИ. Овие податоци може да претпоставиме дека се должат на возраста на испитаниците, со тоа што, тие сеуште на прво место ги стават врсниците и околината. Иако, се очекува кај овој примерок од полнолетни лица да имаат влијание и семејството и повозрасните луѓе од заедницата. Сепак, тие не се со целосно изграден идентитет и самодоверба, па затоа продолжуваат со учење и истражување, за на крај кога ќе влезат во периодот на возрасни зрели личности, да можат да се осврнат и на интимната страна на нивната ЕИ.

Во однос на дескриптивните податоци за варијаблата сексуална интелигенција, може да се констатира дека испитаниците, исто како и на претходната варијабла, се стремат кон давање на позитивни одговори. На таа возраст е очекувано да бидат најмногу заинтересирани за оваа област, иако денешните млади многу порано почнуваат со врските и сексуалните активности. Примерокот на испитаници е разновиден во однос на оваа варијабла, така што има испитаници со ниска, средна и висока сексуална интелигенција. Сепак, младите покрај градењето на личниот идентитет, го градат и својот сексуален идентитет, иако тие се сметаат за веќе созреани и изградени личности. Особено во овој

период каде, и покрај брзите промени кои им се случуваат, тие уште повеќе ги забрзуваат и сакаат да се претставуваат и чувствуваат како повозрасни, за разлика од тоа што навистина сè.

Дескриптивните податоци за зависната варијабла, односно религиозноста, покажуваат дека кај примерокот на адолесценти има просечна застапеност на религизноста. Иако, за оваа варијабла примерокот е со најголема хомогеност, односно има нерелигиозни, религиозни и високо религиозни адолесценти. Ваквите резултати најверојатно се должат на влијанието на заедницата врз младите, која е претежно религиозна. Но, лесната достапност на информации од светот и влијанието на социјалните мрежи, доведе до поголема слобода на одлучување, а тоа резултира со се поголема застапеност на нерелигиозните адолесценти. Исто така, големо влијание има и економската стабилност во државата, каде што може да заклучиме дека нашата држава е меѓу економски понестабилните, а со тоа се очекува населението да биде порелигиозно за разлика од поразвиените земји. [159]

Беше тестирана хипотеза 1, која беше поделена на три суб-хипотези.
Со теститањето на суб-хипотеза 1.1, резултатите на овој примерок на испитаници покажаа дека постои статистички значајна поврзаност помеѓу социјално-емоционалната интелигенција и религиозноста кај адолесцентите. Но, помеѓу компонентите на социо-емоционалната интелигенција (интимна ЕИ, социјална ЕИ и егзистенцијална ЕИ) и религиозноста не постои статистички значајна поврзаност. Според тоа, може да заклучиме дека помеѓу вкупниот скор на социјално-емоционалната интелигенција и религиозноста постои статистички значајна позитивна поврзаност, што значи дека со зголемување на социјално-емоционалната интелигенција се зголемува и религиозноста.
Тоа значи дека **суб-хипотезата 1.1**, која гласи " адолесцентите со висока социјално-емоционална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социјално-емоционална интелигенција" се отфрла.
Резултатите од тестирањето на **суб-хипотезата 1.2** покажаа дека не постои статистички значајна поврзаност меѓу сексуалната интелигенција и религиозноста кај овој примерок на испитаници. А со тоа се отфрла и оваа суб-хипотеза, која гласи "адолесцентите со висока

[159] Според истражувањето на Зукерман, кое е спомнато во теоретскиот дел за религиозноста.

сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска сексуална интелигенција".

Релевантните истражувања ме насочија да воведам уште една суб-хипотеза, со надеж дека ќе се потврди разликата помеѓу машките и женските испитаници, како што се потврдува во многу други истражувања. Суб-хипотеза 1.3 ја испитуваше поврзаноста на социјално-емоционалната интелигенција и сексуалната интелигенција кај лицата од машки и женски пол. А за да се испита оваа хипотеза, воведов две помошни хипотези со кои ќе може да се дојде до резултатот.

Во првата **суб-хипотеза 1.3.1** претпоставката беше дека лицата од женски пол имаат поизразена социјално-емоционална интелигенција во однос на лицата од машкиот пол, што не се потврди. Односно, се покажа дека не постои значајна разлика во степенот на изразеност на социо-емоционалната интелигенција помеѓу испитниците од машки и женски пол.

Втората **суб-хипотеза 1.3.2** гласеше "лицата од машкиот пол имаат поизразена сексуална интелигенција во однос на лицата од женскиот пол", што исто така се отфрли. Односно, се покажа дека не постои значајна разлика во степенот на изразеност на сексуалната интелигенција помеѓу испитниците од машки и женски пол.

Со тоа, **суб-хипотезата 1.3** која гласи "постои разлика во однос на социјално-емоционалната интелигенција и сексулната интелигенција помеѓу лицата од машки и женски пол", се отфрла.

Според добиените резултати и тестираните суб- хипотези кои беа отфрлени, можеме да заклучиме дека **хипотеза 1** која гласи "адолесцентите со висока социо-емоционална и сексуална интелигенција се помалку религиозни од адолесцентите со ниска социо-емоционална и сексуална интелигенција" **се отфрла.**

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Адолесценцијата е период кога од младите се очекува да си го пронајдат своето место на овој свет и целта која сакат да ја постигнат во нивните животи. Во овој период кој е најбогат со промени, тие ги доведуваат во прашање однесувањата, вредностите и традиционалните верувањата на нивните родители, пошироките семејства и општеството во големина.

Децата растат во многу различни социокултурни средини и емоционално се развиваат на различни начини како резултат на социјализацијата. Тие учат како на културолошко соодветен начин да управуваат со своето емоционално искуство. Невозможно е разбирање на раниот емоционален развој одделно од односот родител-дете во рамките на кој се одвива самиот процес на растење и развој. Сметам дека за сите развојни предизвици со кои се соочува адолесцентната личност, поддршката и одговорноста ја имаат родителите. Токму недоволната информираност на родителите за тие промени во адолесцентниот период или пак преокупираноста со сопствените професионални, лични и општествени проблеми ја оставаат адолесцентната личност збунета и без неоппходна родителска помош.

Во зависност од емоционалната компетентност на родителите, а потоа и воспитувачите и наставиците, и нивната подготвеност и способност да го пренесат своето знаење на детето, ќе влијаат на тоа колку емоционални вештини ќе стекне детето. А, според односот што го изградиле и довербата што детето ја стекнало во своите родители и наставници, ќе зависи од тоа колку тоа ќе ја прифаќа помошта за да се справи во животот подоцна.

Сметам дека одржувањето и подобрувањето на интелигенцијата на адолесцентите, односно, вложувањето во образованието, е предуслов за развиена и стабилна држава. Доколку персоналот во училиштата биде квалитетен и мотивиран, наставниците ќе се посветат на нивната работа која вклучува не само образование, туку и воспитание. Сето тоа ќе придонесе учениците повеќе да го вреднуваат училиштето, да ги почитуваат своите наставници и да вложуваат во своето образование. Резултатот, секако, ќе биде поразвиена држава со поинтелигентни луѓе. Тогаш, задоволството ќе ги мотивира луѓето да се посветат и на повисоките потреби, каде нема да се борат за опстанок и да бидат гневни, туку ќе вложуваат во себе и ќе се насочат кон позитивните емоции. Тоа ќе придонесе за

помирен и поспокоен живот, каде луѓето ќе имаат услови за градење своја кариера и семејство.

Вредностите и моралноста кај една личност се градат кога ќе има услови и опкружување кое ќе ѝ дозволи на таа личност да ги изгради. Вложувањето во адолесцентите, посветувањето време од страна на родителите, ќе резултира со помалку ризични однесувања и подобри одлуки и избори. Многу важен сегмент во овој период е менталното здравје, идентитетот и самодовербата која треба адолесцентите да ја стекнат. Таквите квалитети ќе доведат до адолесценти кои до периодот на доцна адолесценција ќе имаат стекнато одреден степен на социјално-емоционална интелигенција и сексуална интелигенција.

Сето тоа ќе и овозможи на личноста да стане самостојна, што ќе доведе до прифаќање или неприфаќање на религиозната определба на своите родители. На децата им се наметнува религиозната определба на родителите и опкружувањето, со тоа што тие се принудени да веруваат, како што тоа го прави нивното опкружување. Во периодот на адолесценција, тие стануваат свесни за влијанието кои го има религијата врз нив. Нивната заедница се проширува, односно запознаваат се повеќе луѓе и добиваат се повеќе информации. Како резултат на тоа, тие се доведуваат во ситуација да почнат да расудуваат и да согледуваат други размислувања и информации кои им се достапни. Според тоа, до периодот на доцна адолесценција се очекува тие да имаат изградено став во однос на нивната религиозност.

Адолесцентите кои се на добар пат во градење на идентетот, ќе имаат услови и ресурси за градење и на сексуалниот идентитет. Верноста и интимноста се главните квалитети на една сексуално интелигентна личност, а за да се развијат кај адолесцентот, тој треба да биде соодветно насочен од родителите и другите личности кои за него ќе претставуваат пример. Големо влијание има и ако една држава се справува со економска криза, која создава и духовна криза, а тоа ги погаѓа и младите и незаштитените. Неразвиените земји се тие кои имаат помалку интелигентни луѓе, без многу вредности и цели. А, развратот во едно такво морално деградирано и декадно општество е неизбежен.

Однесувањето на толпата или заедницата во која се наоѓа индивидуата се очекува да има големо влијание врз една индивидуа, особено во периодот на адолесценција и младост.

Според тоа, големо влијание на добиените резултати од ова истражување има потеклото на примерокот на испитаници. Тие доаѓаат од помала урбана средина како што е Струмица, или од руралните области од околината на градот. Овде, луѓето меѓусебно се познаваат и релативно исто се однесуваат. Исто така, во ваквите средини, општествените наметнувања играат голема улога, со што во овој крај уште одамна се практикуваат религиозни ритуали и обичаи, кои сеуште се негуваат. Има многу стереотипи и предрасуви, каде за родителите е табу тема сексуалноста и ништо не им зборуваат на своите деца за тоа. Исто така, во однос на полот, момчињата не смеат да покажуваат емоции, а девојчињата не треба многу да се дружат и излегуваат.

Резултатите кои се добиваат од тестираните хипотези доведуваат до заклучок дека скоровите на социјално-емоционалната интелигенција во периодот на доцна адолесценција растат како што младите созреваат. Резултатите од варијаблата религиозност исто така растат, а тоа може да биде резултат на предизвиците со кои се соочуваат младите. Особено во периодот на полнолетство и независност, каде се поголем е бројот на погрешни и непромислени одлуки, за кои почнуваат да стануваат свесни. Религијата им дава сигурност и мотив за да продолжат и да ги поправат нивните грешки и пропусти.

За разлика од многуте истражувања кои ја потврдуваат поврзаноста на сексуалноста со религиозноста, во ова истражување тоа не се докажа. Според природата на примерокот, каде процесот на градење на идентитетот не е завршен, се очекува да има многу недоумици, лажни слики за себе пред другите и недефинирани ставови во врска со многу теми, меѓу кои се потврди дека се и религиозноста и сексуалноста. Сепак, резултатите покажуваат негативна поврзаност меѓу варијаблите која е занемарлива.

Претпоставката поради која што сметам дека суб-хипотезата 1.3, како и другите суб-хипотези, не се потврдија е резултат на возраста на испитаниците и големината на примерокот. Сепак станува збор за адолесценти кои сеуште се на некое рамниште во однос на полот, со што се очекува да се појави разлика подоцна при созревањето и влегувањето во светот на возрасни.

Во секоја култура постои одреден дистинктивен систем на вредности. На него почива сетот од општествени норми (пишани и непишани правила) кои, со формалните и неформалните канали, се пренесуваат од генерација на генерација. Истовремено,

општеството се состои од низа формални и неформални механизми со чија помош надградува или стимулира и казнува или дефаворизира одредени облици на однесување. Затоа, промискуитетното однесување на мажите и моногамното тежнеење кај жените, најверојатно е последица на културата која негува двојни стандарди.

Во поново време, почнуваат се повеќе да влијаат социјалните медиуми и модерните обрасци на однесување. Поголемата достапност до информации доведе до тоа да за некои теми се намалат стереотипите, додека за други да се зголемат предрасудите. Информациите се многу достапни, но на нас останува да одлучиме како ќе се информираме и какви заклучоци ќе формираме од добиените информации. Сепак, треба уште многу време за малите градови, како што е и Струмица, да станат поурбани и посовремени.

ОГРАНИЧУВАЊА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И СУГЕСТИИ ЗА ИДНИ ИСТРАЖУВАЊА

Ова истражување е прелиминарно и има одредени недостатоци и ограничувања. Пред се тоа се однесува на релативно малиот пригоден примерок, кој беше достапен за спроведување на истражувањето. Заради тоа, не е можно добиените резултати да се генерализираат како кога примерокот би бил случајно избран и би опфаќал повеќе испитаници. Понатаму, во истражувањето беа вклучени само адолесценти кои целосно ги пополнија сите три прашалници, додека имаше многу од нив кои не сакаа да го пополнуваат тестот за сексуална интелигенција, што уште повеќе ја стеснува можноста за генерализација. Исто така, електронското задавање на инструментите уште повеќе ги ограничува резултатите. Згора на тоа, податоците за истражувањето беа собрани со инструменти на самопроцена, кои се со послаба релијабилност и објективност во споредба со психолошките тестови.

Следно ограничување беше тоа што поради недостиг од тест за сексуална интелигенција, беше искористен тест на кој не му е испитана релијабилноста и валидноста. Овој тест, како и тестот за мерење на религиозноста, не се стандардизирани за нашата популација. Според тоа, сугестиите за идни истражувања се користењето на соодветни инструменти и техники кои ќе доведат до поверодостојни резултати. Исто така, се препорачува поголем, случаен примерок, што би довело до поголеми шанси за генерализација на резултатите и

надминување на слабостите и ограничувањата за кои зборувавме. Затоа, предложувам ова истражувањето да се сфати како поттик за понатамошни истражувања, со порелевантни инструменти и задавања на истите, со поголем и поразновиден примерок на испитаници и со подобра контрола на релевантните варијабли.

Ова истражување заедно со претходните релевантни истражувања на оваа тема, ме поттикнаа да размислувам за која популација ќе имаат најголемо влијание овие варијабли. Според тоа, следна сугестија за идни истражувања би ми била во однос на примерокот. Претпоставувам дека би се докажале поголеми разлики доколку примерокот би бил поголем, но и ако се вклучат испитаници од различни возрасти. Најверојатно би се воочиле интересни разлики во однос на варијаблите интелигенција, сексуалност и религиозност кај популација која ќе ги опфаќа адолесцентите и возрасните или средношколци и студенти.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Anjum, A; Swati, P. *A Study on the Impact of Emotional Intelligence on Quality of Life among Secondary School Teachers*. International Journal of Psychology and Counseling. Volume 7, Number 1 (2017), pp. 1-13;
- Agarwal A.K. *Religion and mental health*. *Editorial*. Indian J Psychiatry. 1989;31:185–6
- Bar-On, R. (2006). *The BarOn Model of Social and Emotional Intelligence (ESI).* Psicothema, 18 , supl., 13-25;
- Bar-On R., Parker J. D. A. (2000). The Handbook of Emotional Intelligence: The Theory and Practice of Development, Evaluation, Education, and Application--At Home, School, and in the ... - at Home, School and in the Workplace. *Jossey Bass*
- Bailey CM. *The effects of religion on mental health: Implications for seventh-day Adventists.* 20th International Faith and Learning Seminar held at Loma Linda University Loma Linda, California, USA-June 15-26, 1997;
- Behere PB, Das A, Yadav R, Behere AP. *Religion and mental health.* Indian J Psychiatry. 2013, Jan; 55(Suppl 2): S187–S194;
- Благоја Јанаков. *Современа психологија на личноста.* Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Филозофски факултет- Скопје 2015;
- Carlos José Parales-Quenza. *Astuteness, trust, and social intelligence*. Journal for the theory of social behaviour 36:1;
- David H. Silvera, Monica Martinussen, and Tove Irene Dahl. *The Tromsø Social Intelligence Scale, a self- report measure of social intelligence*. Scandinavian Journal of Psychology, 2001, 42, 313-319;
- Dein SL. *Religion and mental health: the contribution of anthropology*. World Psychiatry. 2013 Feb;12(1):34-5;
- Елена Ачковска-Лешковска. *Интелигенција*. Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Филозофски факултет- Скопје 2016;
- Elizabeth Lando-Kinga , Annie-Laurie McReeb , Amy L. Gowerc , Rebecca J. Shlaferc , Barbara J. McMorrisac , Sandra Pettingella & Renee E. Sievingac(2015). *Relationships Between Social-Emotional Intelligence and Sexual Risk Behaviors in Adolescent Girl.* The Journal of Sex Research 52(7): 1-6;

- Francisco Cribari-Neto a , Tatiene C. Souza. *Religious belief and intelligence: Worldwide evidence.* Intelligence 41 (2013) 482–489;
- Fehintola Funmito Omolola, Fehintola Akintunde Olusegun , Ogunlaja Olumuyiwa, Akinola Samuel Ebun, Awotunde Timothy Olufemi, Ogunlaja Idowu Paulin, Ogundele Olorunfemi Akinbode. *Prevalence and Predictors of Early Sexual Debut among Adolescents in Ogbomoso, Nigeria.* American Journal of Public Health Research, 2018, Vol. 6, No. 3, 148-154;
- Gardner, H. (1993). Multiple intelligences: The theory in practice. *Basic books;*
- Goleman, D. (1995). *Emotional Intelligence*. New York: Bantam Books;
- Goleman D. (1997). L'intelligence émotionnelle. *Psychologie*
- Goleman D. (2006). Social Intelligence*. The New Science of Human Relationships;*
- Howells, T. H. (1928). *A comparative study of those who accept as against those who reject religious authority*. University of Iowa Studies: Studies in Character, 2, 2*,* 80;
- Honar Parvaran N, Tabrizi M, Navabi Nezhad S, Shafi Abadi A. *Efficacy of emotion-focused couple therapy training with regard to increasing sexual satisfaction among couples.* Thought Behav Clin Psychol. 2010;4:59–70.
- Jari-Erik Nurmi and Harry Pulliainen. *The changing parent-child relationship, self-esteem, and intelligence as determinants of orientation to the future during early adolescence.* Journal of Adolescence 1991, 14, 35-51;
- John D. Mayer, David R. Caruso, Peter Salovey (2000). *Emotional Intelligence Meets Traditional Standards for an Intelligence*. Intelligence 27(4): 267 – 298;
- John d. Mayer, Peter Salovey (1993). *The Intelligence of Emotional Intelligence*. Intelligence 17, 433-442;
- Karimi A, Dadgar S, Afiat M, Rahimi N. *The effect of sexual health education on satisfaction sexual couples.* IJOGI. 2013;15:23–30.
- Karin Modig, Lars R. Bergman. *Associations between intelligence in adolescence and indicators of health and health behaviors in midlife in a cohort of Swedish women.* Intelligence 40 (2012) 82–90
- K.N.E. Prathiwi, G.A.P.S. Laksmi, D.M.A.D. Jayanti (2017,November). *The correlation between spiritual intelligence and access to pornography with adolescent sexual behavior.* 3rd international nursing conference,East Java- Indonesia;

- Knezović, Nikolina (2012). *Emocionalna inteligencija i socio-emocionalno funkcioniranje u ranoj adolescenciji.* Filozofski fakultet- Osjek;
- Lisa J. Bridges, Ph.D. with Kristin A. Moore, Ph.D. *Religion and Spirituality in Childhood and Adolescence.* (book) January, 2002;
- Mayer, J. D., & Salovey, P. (1997). What is emotional intelligence? *In P. Salovey & D. J.Sluyter (Eds.), Emotional development and emotional intelligence: Educational implications,* 3-31. New York: Basic Books;
- Mayer, J. D., Caruso, D. R., & Salovey, P. (1999). Emotional intelligence meets traditional standards for an intelligence. *Intelligence*, *27*(4), 267-298.
- Mayer, J., Roberts R. & Barsade, S.G. (2008). *Human Abilities: Emotional Intelligence.* Annual Review of Psychology, 59, 507-536;
- Marc A. Brackett, John D. Mayer, Rebecca M. Warner. *Emotional intelligence and its relation to everyday behaviour.* Personality and Individual Differences 36 (2004) 1387–1402;
- Mali Praditsang , Zahyah Hanafi & Tim Walters. *The Relationship among Emotional Intelligence, Social Intelligence and Learning Behaviour*. Asian Social Science, 2015; Vol. 11, No. 13;
- Mahnaz Aliakbari Dehkordi, Azita Kharaman, Tayebeh Mohtashami, Zahra Karimi (2021). *An effective step for evaluating of the sexual function: Developing and Standardizing Sexual Intelligence Scale.* Research Square Company;
- Miron Zuckerman, Jordan Silberman and Judith A. Hall (2013). *The Relation Between Intelligence and Religiosity: A Meta-Analysis and Some Proposed Explanations.* Personality and Social Psychology Review, volume 17, issue 4;
- Miroslav Frankovský & Zuzana Birknerová. *Sociálna inteligencia – významný atribút v pomáhajúcich profesiách.* Sociální pedagogika / Social Education ročník 3, číslo 2, str. 76-84, 2015;
- Moreira-Almeida A, LotufoNeto F, Koenig Harold G. *Religiousness and mental health: A review*. Rev. Bras. Psiquiatr. 2006;28 São Paulo 2006 Epub Aug 10;
- Nasel D. *Spiritual Orientation in Relation to Spiritual Intelligence: A Consideration of Traditional Christianity and New Age/ Individualistic Spirituality [Dissertation]* Australia: The University of South Australia; 2004.

- Nagra, V. (2014). Social intelligence and adjustment of secondary school students. *Paripex-Indian Journal of Research*, *3*(4), 86-87.
- Nicole Zarrett, Jacquelynne Eccles. *The passage to adulthood: Challenges of late adolescence*. New directions for youth development, no. 111, fall 2006;
- Pawel Lowicki, Marcin Zajenkowski, Dimitri van der Linden (2019). *The Interplay Between Cognitive Inteligence, Ability Emotional Inteligence, and Religiosity.*Journal of Religion and Health, volume 59, pages 2556-2576;
- Raziyeh Rahmati and Zahra Mohebbi-Dehnavi (2018). *The relationship between spiritual and emotional intelligence and sexual satisfaction of married women*. Journal of Education and Health Promotion, 7, 162;
- Richard L., Gorsuch .*Psychology of Religion*. Ann. Rev. Psychol. 1988. 39:201-21;
- Salovey, P., & Mayer, J. D. (1990). Emotional intelligence. *Imagination, cognition and personality*, *9*(3), 185-211.
- Samantha Kayeon Longman-Mills. *Exploring the Relationship Between Emotional-Social Intelligence and Sexual Knowledge, Attitudes and Behaviours in Jamaican Adolescents.*Jamaica;
- Samantha Longman-Mills (2017). *Emotional-Social Intelligence and Sexuality Among Jamaican Adolescents*. Interweaving Tapestries of Culture and Sexuality in the Caribbean, pp 35–66;
- Schutte NS, Malouff JM, Bobik C, Coston TD, Greeson C, Jedlicka C, et al. *Emotional intelligence and interpersonal relations.* J Soc Psychol. 2001;141:523–36.
- Simon D, Cook Christopher CH, Powell Andrew, Eagger Sarah. *Religion, spirituality and mental health.* The Psychiatrist Online. 2010;34:63–4;
- Stefan Huber and Odilo W. Huber (2012). *The Centrality of Religiosity Scale (CRS).*Jurnal od Religions (3),710–724;
- Shannon S. Carothers, John G. Borkowski, Jennifer Burke Lefever, and Thomas L. Whitman. *Religiosity and the Socioemotional Adjustment of Adolescent Mothers and Their Children.* Journal of Family Psychology,2005, Vol. 19, No. 2, 263–275;
- Sharifi F. *Examined the Effectiveness of the Components of Spiritual Intelligence and Emotional Intelligence Training School.* Iran University of Medical Sciences [Dissertation] Tehran: Psychiatric Institute; 2010.

- Татјана Такашманова-Соколовска (1997). *Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценција.* Филозофски факултет – Скопје;
- Thorndike, E. L. (1920) Intelligence and its use. *Harper's Magazine*.140, 227–235.
- Veronica Ibitola Makinde. *Sexual behaviour and knowledge of contraceptives use among in - school adolescents in Akure metropolis of Ondo state Nigeria.* International Journal of Management Studies and Social Science Research, 2021, vol. 3, 2;
- Wig NN. *Mental health and spiritual values. A view from the east*. Int Rev Psychiatry. 1999;11:92–6;
- Wozniak, Rose Lanee. *Risku sexual behaviors in adolescence: Their relationship to spcial-emotional intelligence*. Alfred University ProQuest Dissertations Publishing, 2013;
- Yonker JE, Schnabelrauch CA, Dehaan LG. *The relationship between spirituality and religiosity on psychological outcomes in adolescents and emerging adults: A meta-analytic review.* J Adolesc. 2012;35:299–314.
- Zarrett N., Eccles J. (2006) The passage to adulthood: Challenges of late adolescence. *New Directions for Youth Development*
- *Creativity and Intelligence in Adolescence.* (2013, October 31). Retrieved from https://study.com/academy/lesson/creativity-and-intelligence-in-adolescence.html;
- Đokić, R. (2008) *Test emocionalne inteligencije*. Превземено од http://www.stetoskop.info/Test-emicionalne-inteligencije-1361-c3- content.htm?b8;
- Тест за сексуална интелигенција: https://zena.blic.rs/sex/izmerite-seksualnu-inteligenciju/r71466f.

ПРИЛОЗИ

Прилог 1- Тест за емоционална интелигенција

Ве молиме одговорете на секое долунаведено тврдење со избирање на еден од наведените одговори кои го изразуваат вашиот степен на согласување или несогласување со тврдењето. Не размислувајте премногу долго за точното значење на тврдењата, работете брзо и обидете се да одговрите што е можно попрецизно. Има четири можни одговори на секое од тврдењата:

1→ потполно точно;

2→ делумно точно;

3→ делумно неточно;

4→ потполно неточно;

1.	Често се чувствувам тажно, нерасположен/а сум без да знам зошто.	1	2	3	4
2.	Во состојба сум да се опуштам и потполно да го контролирам сопствениот живот.	1	2	3	4
3.	Во кино лесно се смеам, плачам и уживам во тоа.	1	2	3	4
4.	Често ми пречат емоциите во секојдневниот живот.	1	2	3	4
5.	Кога сум бесен/а кршам предмети или напаѓам луѓе.	1	2	3	4
6.	Лесно откривам кога некој ме лаже.	1	2	3	4
7.	Знам да уживам во мали животни задоволства.	1	2	3	4
8.	Емоциите можат да ме направат физички болен.	1	2	3	4
9.	Моите симпатии и анитпатии се непроменливи, имам проблем да го променам мислењето за луѓето.	1	2	3	4
10.	Кога нешто ме нервира можам брзо да се смирам.	1	2	3	4
11.	Кога јавно зборувам не чувствувам никакви физички знаци на трема (тресење на рацете, затреперување на гласот).	1	2	3	4
12.	Патам од синдромот ``жолта минута``: односно, ако ме нервира нешто, долго не зборувам ништо, а потоа наеднаш ќе експлодирам.	1	2	3	4

13.	Често сум нерасположен/а.	1	2	3	4
14.	Ако некој ми прави проблем можам лесно да зборувам со него за тоа.	1	2	3	4
15.	Како дете често бев каприциозен/а.	1	2	3	4
16.	Им се допаѓам на луѓето и тоа ме прави популарен/а.	1	2	3	4
17.	Користам интуиција во своите односи со другите луѓе, ``ги чувствувам`` добрите луѓе.	1	2	3	4
18.	Лесно се обвинувам себеси.	1	2	3	4
19.	Луѓето ми се доверуваат самоиницијативно.	1	2	3	4
20.	Често се случува под влијание на емоциите да работам спротивно на своите интереси.	1	2	3	4
21.	Кога сум лошо расположен/а ги бркам сите луѓе од соба.	1	2	3	4
22.	Тешко прифаќам дури и оправдана критика.	1	2	3	4
23.	Имам чувство за дипломатија.	1	2	3	4
24.	Имам потреба да се изразам во уметноста (сликање, музика...) за да чувствувам задоволство од животот.	1	2	3	4
25.	Кога сум возбуден од некоја добра вест, имам проблем со сонот.	1	2	3	4
26.	Многу работам, дури и во своето слободно време.	1	2	3	4
27.	Често се молам и медитирам.	1	2	3	4
28.	Често имам проблем да кажам ``те сакам``.	1	2	3	4
29.	Често одам во природа.	1	2	3	4
30.	Во детството родителите немаа слух за моите емоции.	1	2	3	4
31.	Можам долго да бидам лут/а на личност која ми направила лошо.	1	2	3	4
32.	Водам сметка за квалитетот на живеењето.	1	2	3	4
33.	Прифаќам дека неможе се да се знае, се да се разбере, се да се прифати- ниту кај мене ниту кај другите.	1	2	3	4
34.	Ако сум тажен/а се обидувам да го подигнам својот морал наместо да се повлечам.	1	2	3	4
35.	Ако предлагам нешто во група внимателно ме слушат.	1	2	3	4
36.	Тешко ми е вештачки да покажувам задоволство и лажни емоции	1	2	3	4

	како што често може да се види на ТВ емисиите.				
37.	Повеќе сакам да читам романи отколку есеи.	1	2	3	4
38.	Кога се присетувам на убавите спомени повторно доживувам јака емоција.	1	2	3	4
39.	Потребно ми е време за да сфатам дека сум изнервиран.	1	2	3	4
40.	Способен/на сум да ги сослушам и разберам гледиштата на своите соговорници, иако со нив не се согласувам.	1	2	3	4
41.	Понекогаш имам тешкотии да ги разберам сопствените реакции.	1	2	3	4
42.	При донесување на одлуки имам голема доверба во својата интуиција.	1	2	3	4

Прилог 2- Тест за сексуална интелигенција

Овој прашалник ја мери вашата сексуална интелигенција. На секое од тврдењата одговорете со ДА или НЕ. Ве молиме бидете искрени.

1. Глумите оргазам.	ДА	НЕ
2. Разговарате за сексот.	ДА	НЕ
3. Предложувате нови сексуални техники.	ДА	НЕ
4. Мислите дека и партнерот глумел оргазам заедно со вас.	ДА	НЕ
5. Се чувствувате пријатно додека мастурбирате.	ДА	НЕ
6. Не ви смета ако партнерот мастурбира.	ДА	НЕ
7. Ако не сте расположени за секс, тоа искрено го кажувате.	ДА	НЕ
8. Искрено зборувате за вашите чувства со партнерот.	ДА	НЕ
9. Сакате да ви се каже ако нешто “грешите” во креветот.	ДА	НЕ
10. Прифаќате дека луѓето имаат различни сексуални потреби.	ДА	НЕ
11.Отворени сте за предлозите на партнерот во постела.	ДА	НЕ
12. Го прифаќате своето тело со сите недостатоци.	ДА	НЕ
13. Сакате да ги споделувате сексуалните фантазии со партнерот.	ДА	НЕ
14. Либерални сте во поглед на различните сфаќања за сексот.	ДА	НЕ
15. Сакате да менувате пози.	ДА	НЕ
16. Му помагате на партнерот добро да се чувствува во својата кожа.	ДА	НЕ
17. Сакате сигурен секс.	ДА	НЕ
18. Не ве навредува ако тој го одбие вашиот предлог во кревет.	ДА	НЕ

19. Љубовта е важна за добар секс.	ДА	НЕ
20. Постојат места кои се добри за секс “на брзина ”.	ДА	НЕ
21. Искрено би реагирале на прераната ејакулација на партнерот	ДА	НЕ
22. Се откажувате ако партнерот не е расположен за секс.	ДА	НЕ
23. Ќе му кажете на партнерот ако е премногу нежен или груб.	ДА	НЕ
24. Добриот љубовник не брои “рецки”	ДА	НЕ
25. Сексот не ве чини “валкани” и немате чувство на вина.	ДА	НЕ

Прилог 3- Скала за централност на религиозноста

1. Колку често размислувате за теми поврзани со религија?

а) Многу често

б) Често

в) Понекогаш

г) Ретко

д) Никогаш

2. До која мера верувате дека Бог или нешто натприродно постои?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

3. Колку често сте дел од религиозни служби?

а) Неколку пати на ден

б) Еднаш дневно

в) Повеше од еднаш неделно

г) Еднаш неделно

д) Неколку пати месечно

ѓ) Неколку пати годишно

е) Ретко

ж) Никогаш

4. Колку често се молите?

а) Неколку пати на ден

б) Еднаш дневно

в) Повеше од еднаш неделно

г) Еднаш неделно

д) Неколку пати месечно

ѓ) Неколку пати годишно

е) Ретко

ж) Никогаш

5. Колку често имате доживување дека Бог или нешто влијае на вашиот живот?

а) Многу често

б) Често

в) Понекогаш

г) Ретко

д) Никогаш

6. Колку сте заинтересирани да научите нешто повеќе за теми поврзани со религија?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

7. До која мера верувате во живот после смртта или бесмрртност на душата или реинкарнација?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

8. Колку сметате дека е значајно да се биде дел од религиозни служби?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

9. Колку е значајна личната молитва за вас?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

10. Колку често имате чувство дека Бог или нешто натприродно сака да воспостави комуникација со вас?

а) Многу често

б) Често

в) Понекогаш

г) Ретко

д) Никогаш

11. Колку често се информирате за теми поврзани со религијата преку медиумите?

а) Неколку пати на ден

б) Еднаш дневно

в) Повеше од еднаш неделно

г) Еднаш неделно

д) Неколку пати месечно

ѓ) Неколку пати годишно

е) Ретко

ж) Никогаш

12. Според вас , колкава е веројатноста дека постои виша сила?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

13. Колку е значајно за вас да бидете поврзани со религиозна заедница?

а) Многу

б) Повеќе

в) Средно

г) Малку

д) Воопшто

14. Колку често спонтано се молите , инспирирани од секојдневните ситуации?

а) Неколку пати на ден

б) Еднаш дневно

в) Повеше од еднаш неделно

г) Еднаш неделно

д) Неколку пати месечно

ѓ) Неколку пати годишно

е) Ретко

ж) Никогаш

15. Колку често имате доживување дека Бог или нешто натприродно е присутно со вас во моментот?

а) Многу често

б) Често

в) Понекогаш

г) Ретко

д) Никогаш